**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 2000 година**

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Илија Георгиев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(По притискањето на системот за гласање).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, во врска со вчерашниот предлог што го додадов за формирање анкетна комисија сакам да ве известам дека обавив разговор со координаторите на пратеничките групи и им го предложив Предлогот на одлуката во писмена форма, но за жал Предлогот на одлуката не беше прифатен од сите координатори на пратеничките групи.

Со оглед на тоа, ние ќе продолжиме да работиме по дневниот ред односно во утврдувањето на дневниот ред, а Предлогот на одлуката ќе биде еден од предлозите за кои ќе се произнесе Собранието дали ќе го прифати или не, како што ќе биде предлогот на господинот Биљали и некои други предлози во врска со оваа точка.Процедурално, за збор се јави господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, сакам да укажам на два процедурални моменти.

Првиот процедурален момент е можеби и мало прашање кон претседателот на Собранието околу институтот на пратенички прашања, бидејќи на денешната седница тој момент некако го изоставивте, а имаме еден ред за редоследот на пратеничките прашања и барам едно изјаснување на претседателот на Собранието околу тој момент, бидејќи јас лично како пратеник имам некои пратенички прашања кои сакам да ги поставам на оваа седница или на некоја друга наредна по некој ред или по каков ред и дали продолжуваме со претходно воспоставениот ред за кој се договоривме во Собранието. Тоа е првиот момент за кој сакам деловнички да реагирам.

Посебно сакам да реагирам на еден друг деловнички момент, затоа што вчера беше скршен токму еден ваков момент. Беше скршен член 105 од Деловникот околу моето барање за деловничка интервенција. Вчера сакав да земам збор пет минути за да реагирам деловнички. За што се работи?

Се работи за она што ми го дозволува членот 105 деловнички да објаснам некои моменти околу поставувањето на точката на дневен ред, која вчера беше одбиена. Меѓутоа, сакав да објаснам дека дописот од претседателот на Комисијата за внатрешна политика, господинот Горѓи Котевски, во кој објаснува дека Комисијата немаше кворум, ги доведе во заблуда пратениците и ги доведе во заблуда во однос на нивната одлука како да гласаат за точката. Комисијата имаше кворум, меѓутоа господинот претседател Горѓи Котевски ја изманипулира ситуацијата на следниот начин.

Ги повикувам, за ова мое искажување, ако има потреба да се изјаснат пратениците членови на Комисијата господинот Лазар Китановски, господинот Благој Ханџиски и господинот Оломан Сулејмани, а посебно ќе го повикам господинот Александар Флоровски бидејќи тој еден ден ја одложи седницата на Комисијата заради неодложна работа и инсистираше седницата на Комисијата да се одржи во среда, а не дојде на таа седница. Значи еден ден ја одложи седницата, а не учествуваше при формирањето на кворумот.

Процедурата во работата на Собранието на Република Македонија

беше грубо нарушена на овој начин. Комисијата според документот кој е даден јас се извинувам што е ваков, другиот го дадов на новинарите вчера на прес конференцијата - сите имаме покана дека седницата ќе се одржи во салата за состаноци на Уставната комисија, меѓутоа, неодржаната седница на Комисијата се одржа во сала 102. Немаше никаков натпис на салата за седници на Уставната комисија каде се поместува одржувањето на Комисијата, а во разговор со пратениците разбрав дека се внатре во Собранието, не знаеле на кое место да дојдат и после извесно чекање претседателот на Комисијата заради немање кворум, веднаш кога пристигна претставникот на СДСМ господинот Лазар Китановски, кој требаше да го повика од одредена активност во Собранието господинот Благој Ханџиски, кога се формира тој кворум господинот Горѓи Котевски го наруши кворумот и излезе од седницата на Комисијата. Тука пратениците се доведоа во заблуда. Не е точно дека немаше кворум, туку беше блокирана работата на Комисијата. Тоа директно влијаеше на убедувањата и размислувањата на пратениците околу нивното одлучување. Пример за тоа е и пратеникот кој за време на одржувањето на локалните избори беше натепан, господинот Амди Бајрам, кој гласаше против вакво поставување на дневен ред на едно вакво прашање за загрозеноста имотите и интегритетот на пратениците, што е голем нонсенс.

На моето обраќање до претседателот на Собранието, господине претседателе, вие рековте дека треба да се обратам писмено деловнички. Јас не знам од кога вакво толкување на Деловникот на Собранието на Република Македонија кој вие сепак не смеете да го толкувате, туку да го спроведувате, побаравте да се обратам за моето деловничко прашање писмено. Јас ве прашувам кога некој пратеник во овој дом се обратил писмено за деловничка интервенција и дали на тој начин може да се толкува членот 105. Значи, јас барав ова да го објаснам, самите заклучете дали тоа е деловничка интервенција и ми беше сугерирано мојата деловничка интервенција да биде доставена во писмена форма, не ми беше дозволена деловничка интервенција што беше грубо суспендирање на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Јас нема да доставам писмено објаснување за деловничкото прашање, бидејќи пратениците веќе гласаа како што гласаа, овој допис го прочитаа таков каков што беше и точката не беше ставена на дневен ред.

За жал, ќе кажам мое лично размислување. Ние од пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција очекувавме вистински оваа седница да ја води и потпретседателот на партијата господинот Томислав Стојановски, меѓутоа, ве уверувам дека и покрај тоа што тој не ја водеше седницата, седницата беше водена во тој стил вчера. Се надевам дека денес ние се враќаме во работата на Собранието,ќе се најдеме во добра работа на Собранието, конструктивна, лојално како што најавивме при доаѓањето во Собранието и сакаме како пратеничка група да работиме конструктивно во Парламентот на Република Македонија, но според Деловникот. Уште еднаш тврдам дека Деловникот вчера беше суспендиран и се надевам дека во натамошната работа на Собранието на Република Македонија нема да се случуваат вакви инциденти, бидејќи му штетат пред се на дигнитетот на Парламентот.

Уште нешто ќе кажам. Сослушувањето на моето деловничко интервенирање по точката 105 не се овозможи, бидејќи Комисијата вели дека не расправала, а таа е Матична комисија за внатрешна политика и одбрана по Информацијата на Министерството за внатрешни работи, беше суспендирано и правото на другите четворица пратеници да ја образложат, бидејќи нема извештај на Комисијата за внатрешна политика и одбрана и итноста за поставување на точката на дневен ред. Со тоа се крши членот е од Деловникот. Јас се надевам дека овие мои сугестии ќе бидат прифатени најдобронамерно во духот да најдеме начин да ги надминеме различните размислувања околу овие проблеми, меѓутоа, за мене Деловникот во овој поглед е дециден и не треба да го толкуваме поинаку. Се надевам дека натаму ниеден пратеник во Парламентот нема да доживее да му се бара деловничка интервенција по писмен пат. Инаку, кога сме кај деловничката интервенција, ние знаеме дека таа била злоупотребена многу пати од оваа говорница, а јас тврдам дека ова

навистина беше деловничка интервенција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја поздравувам одлуката на пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција да се уклучи во работата на Собранието, колку што се сеќавам реков доколку некој сака деловнички да се произнесува понатаму, јас ќе барам според кој член од Деловникот го бара тоа, има различни ситуации и можеби тука не сме се разбрале и прифаќам како сугестија дека е можно да се направи одреден пропуст. Но мислам дека тоа не беше толку силна причина за напуштање на седницата на Собранието и свикување конференција за печат. Сепак, тоа е ваша одлука и таа одлука јас ја почитувам, ја поздравувам и се надевам дека ваквите недоразбирања ќе ги отстрануваме дополнително и на друг начин.

Процедурално господинот Насер Зибери се јавува, но претходно господинот Флоровски беше спомнат.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бев спомнат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално бидејќи бевте спомнати, заради Комисијата но нема потреба, веќе го објаснивте тоа. Се работи за следното, да не ја пренесуваме расправата од комисиите на седница на Собранието. Кој ќе го утврдува тоа кој бил, кој не бил итн.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Како што знаете и вие и јавноста, вчера претседателот на Собранието ја прекина расправата по утврдувањето на дневниот ред со најава за денешно одржување на координација со координаторите на пратеничките групи кај него во неговиот кабинет, за да можеме да се обидеме уште еднаш да ги усогласиме ставовите по неговиот предлог за да се излезе од ваквата ситуација. Должен сум по објаснувањето на претседателот на Собранието да го изнесам следното, заради ваша информација и заради информација на јавноста.

Таа средба која јас ја сфатив како можност да размениме мислеше во однос на точката на дневен ред и како да се излезе од оваа процедурална препрека, за жал се претвори во еден ринг на физичко пресметување меѓу учесниците на таа средба. Бев ставен во ситуација под присила, под закана, под навреди да се принудам да ја повлечам точката од дневен ред. Ја информирам јавноста за да знае што се случи во кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, за што всушност има и сведоци.

Од тука изјавувам дека јас како координатор на пратеничката група на ПДП се додека тој ринг за физичка пресметка не се претвори во ринг за политички дијалог нема да учествувам во тие расправи. Нека им служи на чест на тие што тоа го направија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

(Некои пратеници се јавуваат за збор)

Ќе ве молам, не бевте спомнати. Ве молам, полека, сите ќе дискутирате вие кои не сте биле присутни. Полека, да ви објаснам за што се работело.

Прво, ги отфрлам како крајно тенденциозни, како крајно непринципиелни кажувањата на господинот Зибери, затоа што очигледно дека тој дојде без било каква намера да разговара позитивно, *со* еден позитивен пристап за она што го предложив. Ако сакате, сега ќе ви ја прочитам и Одлуката што ја предложив, па вие ценете дали имало некакви злонамерности.

(Претседателот Саво Климовски излегува на говорница).

Еве што им предложив во писмена форма на координаторите на пратеничките групи, па вие оценет е дали тоа имало тенденција, дали тоа било закана, дали тоа било принуда итн.

"Врз основа на член 76, ставовите 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана денес на оваа дата 2000 година, донесе Одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година.

Член 1

Со оваа одлука се основа Анкетна комисија за испитување на настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година (во натамошниот текст Анкетна комисија).

Член 2

Во испитувањето на настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година, Анкетната комисија соработува со Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда и другите надлежни органи што можат да придонесат за утврдување на состојбите".

Сега внимавајте на овој член 3.

Член 3

Анкетната комисија се состои од претседател и шест членови кои се избираат од редот на пратениците и тоа: претседателот и три члена од редот на пратениците на политичките партии од опозицијата и три члена од редот на пратениците на политичките партии кои се на власт.

Член 4

Врз основа на наодите Анкетната комисија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му поднесе извештај во рок од 30 дена од денот на основањето на Анкетната комисија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"."

Во образложението велам:

"Собранието на Република Македонија, врз основа на член 76 став 2 од Уставот на Република Македонија може да основа анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес.

Врз основа на информациите добиени од пратеничките групи за настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година, Анкетната комисија ќе ги сумира сознанијата и ќе заземе став по сите наведени прашања, а најдоцна за еден месец ќе поднесе извештај до Собранието на Република Македонија".

Ако овде имало тенденција некој да се дисквалификува, ако овде имало тенденција некому да му се забрани нешто итн., јас не знам каде господинот Зибери тоа го најде и јас ќе останам на тоа како предлог да се гласа, ако мислите дека овој предлог не е вред. Само сакам да ја запознам широката македонска јавност дека мислам овие проблеми, значи сите информации и оние што ги прифативме и оние што не ги прифативме, ќе бидат предмет на анкетна опсервација на Собранието на Република Македонија. Само така мислам дека ќе можеме да излеземе од овој лавиринт и да не прифаќаме една информација како единствена вистина, туку да гледаме самите во вистината и да понудиме соодветни решенија. Тоа беше предлогот што денес го понудив, а вие оценете дали тука имало дисквалификација и притисоци. Тоа е веќе оценка на господинот Зибери како негово лично сознание. А дека имаше да речеме разлики во мислењето, разлики во мислењата во смисла на тоа што понекаде имаше и некои мали навреди итн.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

(Од место без уклучен микрофон). Колку мали?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Колку! Градација ли господине Црвенковски ќе правиме овде? Не беа тие навреди до таму да беше до линч и до скандалозни навреди, но сепак се вратија и повторно дискутиравме цивилизирано.

Конечно, очигледно дека имаме различни политички ставови и дека инсистираме до исклучивост на нив. Значи, не одиме и не бараме да се бара позитивно решение. Според тоа, тоа јас го понудив и тоа ќе биде исто така предмет на гласање на самото Собрание. Ако се согласиме тогаш ќе барам 20 потписи за да може овој мој предлог да стане составен дел и да влезе во процедура.

(Претседателот Саво Климовски се врати на претседавачкото место).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Зибери сака да реплицира. Повелете:

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа, јас очекував, ако не првиот пат, ако веќе изуми претседателот, сега при повторното негово настапување на говорницата дека во најмала рака ќе бара извинување за тоа што се случи во неговиот кабинет, затоа што тој како претседател на Собранието е должен во најмала рака да создаде услови за ние таму да работиме, односно да ги усогласиме ставовите, како што налага деловникот и како што тој бараше.

Навистина немаше големи навреди, оти очигледно за вас, господа од

владиното мнозинство, многу не е ни кога се пука. Многу не е ни кога се линчуваат пратениците. Многу не е ни кога се убиваат луѓе при гласањето. Да, навистина, тоа немаше, но имаше обид за физичка пресметка и тоа најодговорно го тврдам. Имаше закани и навреди од типот, вие мајмуни, вие *со* големи глави, вие така ќе видите итн. Вистина е и тоа дека вие господине претседателе ми се заканивте и рековте дека нема да има расправа за Вашата информација. Тоа е вистината. Повелете господине претседателе, одрекувајте дали вакви сцени имаше во Вашиот кабинет или немаше. Ако навистина имаше доблест да го потврдите ова, тогаш може да бидете достоен и понатака да го водите ова Собрание. Ако навистина немате доблест и храброст да признаете што се случи, ниту да се минимизира, ниту да се хиперполизира тоа што се случи. Тогаш, под големо прашање е Вашата улога во ова Собрание. Јас не очекував во Вашиот кабинет некој да стане и да ми се заканува. Јас не очекував во Вашиот кабинет да добивам такви навреди. Јас не очекувам вие кога ќе ме поканите во Вашиот кабинет да не знам како ќе излезам од тој кабинет. Ги убивавте луѓето на гласачки кутии, ги убивавте пратениците во нивните куќи, а сега се осмелувате тоа да ни се случи овде во ова Собрание. Бидете убедени дека во тоа нема да успеете. Ќе победи правдата, ќе победи демократијата во Македонија. Ќе и се стави крај на оваа тиранија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Билал Љутфи, па после јас ќе дадам свој коментар.

**БИЉАЛ ЉУТФИ:**

Почитуван претседателе, колеги и колешки пратеници, ние веќе сме сведоци на разни шпекулации измислици, познати трикови на Зибери и неговата сорта. Должен сум како човек да тврдам пред Вас и пред јавноста дека ако некој во ова Собрание сака да воспостави ред од оваа ситуација да се извлечеме на некој начин, тоа е претседателот на Собранието, господинот Климовски, кој денес ја води оваа седница. Токму од причини што сака ова Собрание да работи како и што му доликува, беше таа средба и никаков ринг немаше, никаков обид за физичка пресметка. Јавно декларирам ако некогаш би констатирал како човек дека треба лични пресметки да ги расчистат со Зибери, би се декларирал пред вас и пред јавноста. Но, тој за мене не е ништо, не бил, не е и нема да биде и немам предмет за расправа ни теоретски, па ни физички.

Јас слушав и пред да почне седницата од новинарите, кои ми се обратиле дали е точно тоа, верувам, ова што го кажувам ќе го потврдуваат и другите членови, другите координатори на пратеничките групи, а точно е дека сум реагирал на таа средба во искажаното на господинот Зибери дека, цитирам "Вие не убивате". Значи ние пратениците овде убиваме луѓе. Не убивате, тоа значи ние сме убивале и пратеници од Пратеничката група на ПДП. Јас мислам дека било кој од вас да бил во таа ситуација, така би реагирал и не би прифатил да биде во координација со Зибери или било кој друг. Но, со оглед на тоа што господинот Климовски во тој момент јас сакав да ја напуштам таа координација, меѓутоа, по интервенција на господинот Климовски седев до крај. Господинот Зибери повеќе е од очигледно дека сака да избегнува од фактот што тој не е во состојба да се соочи со фактите, затоа што тој добро знае дека нашата информација не е политички памфлет како информацијата на ПДП, туку е заснована на аргументи од надлежните органи во државата. Бидејќи,тој не е во состојба да се соочи со аргументите, тој за политичко покритие предлага односно се искажува дека ни врши притисок претседателот, координаторите, во конкретниов случај јас како заменик координатор.

Уште еднаш јас се декларирам пред јавноста дека тоа е чиста лага, чиста манипулација со јавноста, со Собранието и со се друго, но на Зибери не му останува ништо друго, само да измислува за да има покритие на јавноста за стореното на 10 септември и на24 септември по повод локалните избори. Сака да ја рационализира позицијата на својата партија, но треба да го има наум фактот што нашите бирачи нашите гласачи, нашите граѓани во Република Македонија, веќе ги знаат состојбите и не може со нерационално, да рационализира рационалното на одлуката на гласачите на 10 септември, па и на 24 септември. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ги ислушавме двете страни, а јас само сакам да кажам дека навистина

најдобронамерно пристапив и сакав да се разреши оваа ситуација. Очигледно е дека таа намера не беше прифатена и не би сакал да давам било какви други квалификации.

За збор процедурално се јавува госпоѓа Наталија.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, на некој начин присутните на оваа средба на координатори господинот Зибери не повика да го кажеме своето мислење за она што на состанокот објективно и се случи.

Имено, јас не сметам дека е притисок ако беше даден предлог, согласно Уставот, предлог одлука за формирање на Анкетна комисија со која што ќе се решат сите дилеми околу разгледување и неразгледување на сите три информации. Едноставно, не само на Вашата поединечна информација, заради тоа што и во образложеието на претседателот беше кажано, тоа го пропуштивте, а е особено важно, дека заради рамноправноста и важноста на сите три информации, особено е значајно да се формира една ваква анкетна комисија и со дообразложение во кое што Анкетната комисија би ја водел член на опозицијата, што е многу важно и рок на завршување на работа од 30 дена. Што значи, по завршувањето на работата на оваа Анкетна комисија, би се донеле заклучоци од истата, со кои што повторно се отвара простор и можност за расправа по овие информации. Од причина што, Собранието сака на највисоко возможно ниво да го воздигне ова прашање и овие аргументи за и против трите информации. Формирањето на оваа Анкетна комисија, јас лично мислам, и сметам дека не треба да се смета за никаков извршен притисок сосема добронамерно, дозволено со највисокиот акт во државата, Уставот на Република Македонија, имаме право да формираме ваква анкетна комисија и со тоа покажуваме дека апсолутно се согласуваме да се разгледуваат информациите, да се дискутира по нив, но со одредени заклучоци со аргументите за и против и да се сочекаат сите аргументи од надлежните органи.

Значи, по завршувањето на третиот круг, исто така беше потенцирано дека само за еден ден, за 24 часа почнува третиот круг на изборите, односно отпочнува молкот. Што значи со самата расправа околу оваа Информација денес или утре, ние би го нарушиле молкот во текот на изборите, а со тоа можеме да влијаеме на граѓаните во определувањето за избор на кандидат за градоначалник онаму каде што е воведен и трет круг на гласање. Значи, господине Зибери јас не знам која е намерата со една ваква слика за одржувањето на овој состанок, особено што граѓаните ќе имаат впечаток, дека таму каде што камерите не снимаат и натаму каде што јавноста не е присутна, се однесуваме нецивилизирано и дека сето тоа може да одаде слика на собир на луѓе,кои што воопшто не припаѓаат на интелектуалната класа.

Заради тоа, јас уште еднаш ве замолувам дека би сакала да го повлечете вашиот став за одржувањето на овој координативен состанок од причина што може да го одбиете формирањето на Анкетната комисија, може да стоите на вашиот факт дека сакате разгледување на информациите, но сосема поинаку ја сменивте тезата околу разгледувањето и дискусијата во врска со Вашата информација. Беше кажано дека со самото гласање овде од пратениците ќе се поакаже дали ќе остане на дневен ред или не информацијата. Решение на сето тоа беше предлогот за формирање на Анкетна комисија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова.

По ова прашање би сакал да не коментираме повеќе. Ние ќе одиме понатаму и ќе водиме расправа во врска со прашањето околу утврдувањето на првата точка од дневниот ред, ќе ве молам околу итноста и околу значењето дали има потреба тоа прашање да се постави бидејќи имаме различни гледишта. Имаме една на господинот Биљали, а вториот е мое можеби ќе излезе уште некое мислење итн. Господинот Абдурахман Алити, повторно побара збор. Повелете господине Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека воопшто не се сомневам во добрата намера на претседателот на Собранието да бара и да изнајде излез од ваквата ситуација.

Меѓутоа, мора, исто така, да кажам дека не е најден најдобриот односно најпогодниот начин за излез од ситуација.

Од причина што претседателот предлага формирање на Анкетна комисија и притоа трите информации и на Пратеничката група ВМРО, и на Пратеничката група СДСМ и на Пратеничката група на ПДП, се ставаат во ист третман. А, тоа едноставно не е така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа не е така. ВМРО не е, туку рековме на СДСМ, тоа е она што е за изборите. Немојте така сега.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Се постапува на ист начин. Значи, се гласа и за тоа. Јас уште еднаш сакам да појаснам дека ситуацијата во врска со предлогот на Пратеничката група на ПДП е сосема чиста, затоа што Информацијата е навреме доставена, таа ги содржи сите елементи за да може по неа да се расправа. По неа расправале работните тела во Собранието, по неа има мислење Владата на Република Македонија и едноставно таа е веќе утврдена во дневниот ред. Многу е спорно дали неовластени субјекти имаат право да бараат симнување од дневен ред и со гласање тоа да се направи. Таа ситуација мислам дека не е чиста. Меѓутоа, не се сомневам дека луѓето овие работи ги знаат, а јас само ги повторувам. Тие ги знаат, но се оглушуваат и кажуваат тоа што не треба да се каже.

Второ, Анкетната комисија според секаква логика треба да се формира по завршување ан расправата, затоа што ако расправаме ние по информацијата, можеме да видиме, дека навистина тоа што пишува таму, не се случило или не се случило така. Зошто ние прејудицираме во предлогот на претседателот на Собранието настаните што се случија. Можеби тие не се случиле. Од каде знаеме ние дали се случило. Зошто да веруваме на нешто што напишал Зибери, Алити или некој трет од пратеничката група. Дајте да расправаме тука и да видиме дали се случило или не се случило. Ако не се случило веројатно, ние ќе ја повлечеме Информацијата и ќе нема потреба од формирање анкетна комисија.

Но, господа пратеници, не е тоа. Јас воопшто немам илузија дека ќе ве убедам во нешто, што однапред вие имате оформен став. Имате задача да го одбиете предлогот за внесување на дневен ред на Информацијата. Немам таква илузија. Мене ме загрижува нешто друго. Еве, јас тука го гледам господинот Гошев, кој вчера рече многу содржајни зборови тука. Не, затоа што мене ми се допадне тоа, сеедно и по повод Информацијата на ВМРО-ВМРО да горечеше тоа и по повод информацијата на СДСМ да го речеше тоа, исто така, ќе ми се допаѓаше. Затоа што, изразуваме загриженост за текот на развојот на натамошните настани, каде не води овој начин на работа. Каде е нашиот личен дигнитет, каде е дигнитетот на Собранието итн.

Јас по втор пат јавно ќе потсетам, историјата Наполеон Бонапарта го нарекува човекот на 18-от век. Тој во една прилика, од прилика рекол: "Да се владее, а сигурно владее мнозинството, значи да се возвишува моралот. Значи, да се шири образованието и благосостојбата".Дали ние правиме нешто од ова, дали ние со начинот на нашата работа во Собранието го возвишуваме моралот. Дали, имавме прилика сега да слушаме лични навреди повторно. И, пак ако не прашува некој после пет минути не речеме дека немало навреди. Тоа што било не било, тоа што не било. Тој начин на гледање во работите, таа линија на размислување. таа е опасна по демократијата.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**: (Продолжение)

Дозволете да ви кажам дека воопшто немојте да се занесувате дека мнозинството ако крева рака и одлучува така како што ќе одлучува која е вистината. Напротив, од 120 колку не има нас тука кг;ден да го издвои мислењето, токму тој можеби е во право. Во спротивно ќе немаше никаков напредок ако сите исто мислиме. Се знае ако сите исто мислат тоа значи дека никој не размислува многу.

Ние секој ден треба да полагаме по еден колоквиум ако не испит по демократија. Дај да почнеме со колоквиумите. Навистина доцниме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Абдурахман Алити.

За реплика се јави господинот Биљал Љутвии.

Ќе ве молам ако можеме да привршуваме по оваа точка затоа што крај нема, а овде има и други пратеници кои што сакаат претпоставувам и по други прашања да се произнесат и да предложат и други точки на дневен ред.

А, оваа точка полека да ја привршуваме и да преминеме на гласање, ништо друго не ни останува.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Да, некој господине претседателе сака никогаш да не почнеме да работиме, а јас сум заинтересиран да почнеме да работиме онака како што ни доликува. Но, очигледно сака господинот Алити, иако јас не сакав да ве замарам, но бидејќи ние имаме конкретен предлог за да не се добие впечаток дека Пратеничката група на ПДП-ДПА, Партијата, мојата партија не сака ние да расправаме, затоа што ако има некој заинтересиран за да се расправа овде или било каде за локалните избори ние сме тие, затоа што ние сме биле жртви, жртва на рекетарите на кандидатите за претседателите на општините предложени од ПДП и на членовите на листите.

За да бидам појасен, ако господинот Насер, господинот Алити тврди дека Сали Емини,член на изборната комисија предложен од ПДП во избирачкото место 2061 село Парчиште, општина Камењане е член на ДПА јавно изјавувам никогаш никогаш нема да излезам на оваа говорница, никогаш нема да прифатам да бидам пратеник и ќе поднесам неотповиклива оставка. Токму од причина што во таа Информација не се расветлени сите случаи ние баравме, во исто време и нашата информација да биде на дневен ред, така да ние овде, па и јавноста да се соочи со реалноста.

Што се однесува до тоа што рече - спорно е неовластени, што го спомна на некој начин и Зибери, а што беше расправа и на денешната расправа кај претседателот на Собранието, господинот Климовски, не сакам да навлегувам, но бидејќи бараат еве. Тој и вчера рече неовластени предлагаат, сечиј предлог, јас не сум неовластен, јас сум заменик координатор на Пратеничката група на ДПА, не сум сечиј, ако овде сега ние се мериме во однос на тоа кој колку голема глава има, кој колку килограми тежи, тогаш јас би се согласил, а ако ние сме избрани од народот тогаш да му ставам на знаење дека мојата избирачка единица има 22.000 избирачи. Ние чувствуваме морална одговорност да расправаме, но да ги имаме сите информации.

Затоа да не должиме повеќе господине претседателе, имате конкретен предлог и ви се молам во име на Пратеничката група на ДПА само во однос на овој предлог и деловничко право е секој да се изјаснува, а кога би го надминале овој предлог тогаш може да се отвори расправа и по Вашиот предлог по однос на формирање на анкетна комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Биљал Љутвии.

Молам, ако може да привршуваме, да не земаме збор за едно исто прашање. Кој што не добил збор ќе добие збор, но да не се повторуваме.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници со исклучок на последниот што беше на говорница, навистина сакам на еден начин да помогнам, меѓутоа кога во Собранието аргументите не успеваат и не се респектираат тогаш е многу тешко.

Господине претседателе имаше предлог за симнување на точка од дневниот ред, односно Информацијата од Пратеничката група на ПДП за текот на локалните избори во западниот дел на Република Македонија а зборот "избори" е под наводници. Тоа значи дека за ПДП немаше избори. Тоа значи дека оваа информација во никој случај не може да се споредува со други информации кои се најавени или кои беа и одбиени на оваа седница, која не знам дали е почната или не е.

Господине претседателе ако ние евентуално ја симнуваме оваа точка од дневниот ред тогаш и ние се симнуваме некаде како пратеници. Се симнуваме сите таму каде што не ни е местото. Господине претседате-ле кога вие се симнавте од таму и. дојдовте вчера тука се симнавте и кажавте дека ја прекинувате седницата затоа што кај вас се јавуваат дилеми, што значи откако се прочитаа и пасуси на писмото од мајката на Фатмир Јакупи вие најверојатно, барем јас после седницата се најдов во еден куп на луѓе интелектуалци и тие рекоа - на крајот господинот претседател на Собранието сфати дека треба да се расправа за Информацијата затоа што проработи и доблеста и совеста и свеста.

Господа пратеници на 10 септември ние се повлековме од изборите. Се повлековме затоа што не сакавме

понатаму да се шири огнената линија во Република Македонија каде што луѓето во избирачките одбори одредени, предложени од партиите, меѓутоа барани од Државната изборна комисија односно државата Република Македонија, тие луѓе кои требаше да ги спроведуваат изборите на самото место каде непосредно и се власт, тие веројатно од Државната изборна комисија односно од Владата на Република Македонија и од државата Република Македонија би биле на крајот и почестени со некој мал хонорар затоа што се и биле луѓе од социјална категорија, пензионери, кои биле одредени за да ги спроведуваат избори. Меѓутоа, тој ден Владата на Република Македонија не им обезбеди нешто друго. Не им го обезбеди животот, физичкото присуство во самите изборни места, во самото гласачко место. И, почнувајќи од таму Партијата за демократски просперитет како промотор на институционалното дејствување во Република Македонија, претставниците на албанскиот електорат со години дојдоа до еден заклучок, дојдоа до еден став, дојдоа до тоа да се повлечат од изборите со фактот дека понатаму треба да се даде шанса во Парламентот на Република Македонија откако ќе се поднесе информација, ќе се разговараат, ќе се дискутира, дури очекувавме и меѓу двата круга со самиот факт дека состојбите беа такви. Имаше насилие, имаше ранети, имаше убиени, имаше умрени. Од една ваква ситуација, откако се повлековме од изборите мислевме дека ќе проработи Парламентот, затоа што сме свесни и знаеме дека кога *ќе* проработи Парламентот ќе проработи и совеста и свеста на пратениците кои го носат епитетот народни пратеници. Што значи тоа?

Тоа значи дека за еден момент ние треба да си дозволиме како пратеници да се оттргнеме некако од еднопартиски погледи и да се почувствуваме како луѓе кои претставуваме тука граѓани на Република Македонија затоа што многу добро ни доаѓа кога ги користиме сите тие бенефиции како пратеници. А бенефициите со самиот факт дека сме пратеници и сите наши плати и хонорари. Но, ние мораме да придонесеме, ако веќе ги користиме тие бенефиции да им обезбедиме преку државата на тие луѓе кои беа одредени да ги спроведуваат изборите, тие беа луѓе кои беа во најпрактична состојба, а некои веќе не се на овој свет.

Што значи тоа? Тоа значи дека не смееме да изигруваме двоен морал. Почитувани колеги ако јас ви поставам прашање, барем на тие што се повозрасни дали на тие избирачки места или избирачки одбори беа нашите деца, нашите деца кога велам мислам од првиот до последниот пратеник меѓу сите нас тој процент ќе биде многу мал, можеби еден, двајца или неиден....

(Реакција на господинот Биљал Љутвии од место) Господине претседателе дајте ни барем тука услови за да можам да зборувам како пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви давам услови, меѓутоа држете се за темата. Ние не отворивме расправа по Информацијата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не, не, за информацијата, токму за тоа зошто мора да биде на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кажете ќе гласате или нема да гласате по Информацијата за да ја ставиме на дневен ред.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас не барам во овој момент да се изјасни мнозинството по критериум мнозинство на коалицијата, односно кои ја сочинуваат владината коалиција. Јас барам во овој Парламент едно сосема друго мнозинство - мнозинство на мои колеги пратеници кои имаат совест, свест и доблест еднаш, а тоа е денот денес, денот "Д" за да можеме да го одредиме правецот каде одиме, или и понатаму ќе дозволиме да ни се случуваат тие работи што ни се случуваа на овие таканаречени избори, или пак ќе придонесеме на сето тоа да ставиме крај и да дадеме простор на демократијата, да дадеме простор да можат да се организираат фер и демократски избори, затоа што еден политички систем се именува со едно што е многу важно. Ја знам дека и правна регулатива и се менува во еден политички систем, меѓутоа ако чинот на изборите, ако паднеме на испит на денот на изборите во едно демократско општество тогаш веќе под голем прашалник доаѓа демократијата во Република Македонија.

Затоа молам колеги смирено, еднаш за еден момент да размислуваме добро, затоа што знам и другите имаат други аргументи кои ќе ги почитуваме, но низ

расправата можеби и нашата информација до крај не ги содржи сите тие работи што се случуваа тој ден, меѓутоа низ дискусија и низ аргументи на крајот ќе се најдеме во ситуација кога и низ гласање ние вие, пак употребете го црвеното или зеленото копче, но едно е сигурно - подобро да ги употребуваме тие копчиња што ги имаме тука зелени или црвени или жолти, отколку да се употребуваат копчиња на автоматски оружја на теренот каде што се случуваат сите овие неблагодарни работи за демократијата и за денот на изборите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани за учеството во расправата.

Рековме дека уште господинот пратеник Мерсел Биљали да се изјасни по ова прашање, па потоа ќе ве молам (од место се јавува господинот пратеник Вејсели) и Вие сакате по истото прашање да се произнесете? Вчера се произнесовте, ќе добиете збор, имаме време да се сослушаме.

Повелете господине Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Се е во контекст да се изнајде решение за нешто што, според логиката на работите требаше да се изнајде решение уште вчера. Имено, изгледа цело време сакаме да се убедуваме за нешто за што воопшто не треба да бидеме убедувани. Ние цело време треба да се убедуваме дека црното е бело и обратно, белото е црно. Не знам дали воопшто некое дете кое има три години смета дека е логично да се убедуваме до овој степен. Меѓутоа, овој Парламент смета дека и тоа е логично. Јас искрено го жалам претседателот на Собранието од причина што тој подлежи на огромен притисок од првенствено коалиционите партнери и тој со неговиот предлог кој јас го почитувам сака да изнајде решение. Меѓутоа, тука беше кажано од господинот Алити дали ќе се формира Анкетна комисија или не, тука ќе се договориме како Собрание после расправата која треба да се води тука и воопшто не гледам трагично, не гледам причини зошто да не се расправа. Дури ДПА треба да инсистира да се дискутира ако некоја структура е заинтересирана пред јавноста да ги објасни работите.

Имено, тие вчера најавија дека имаат Информација како нивна визија во однос на изборите, не е ништо трагично тука да предложат, јас ќе поддржам, да влезе на дневен ред и по неа да се расправа. Исходот на расправата како кој го замислува од трите информации така ќе заврши со заклучок дека треба да се формира Анкетна комисија. Меѓутоа, да се оневозможи расправата, тоа се коси со основните состојби на современата демократија. Имено, Уставот е многу јасен, предвидува дека пратениците имаат право да предлагаат закони, информации и слично. А ако постои поимот право значи тоа право е заштитено. Нема право ни една друга структура тоа право да го негира, тоа право да го исклучи и тука исто така поставувам едно логично прашање кое Вие сметате дека е така, се поставува прашањето зошто служи опозицијата во ова Собрание? Ако не се прифаќа ни еден нејзин предлог дури за расправа, тогаш зошто сме тука. Подобро да бидеме дома да не правиме трошоци, нека бидат присутни само претставниците на Владината коалиција. Нема пологично од тоа, барем гледано од Ваш агол на работите.

Од вчера до денеска консултирав или подобро да кажам прочитав деловници од повеќе парламенти и устави на повеќе земји. Верувајте дека никаде не постои можност пратеник да предлага да се симне точка од дневен ред предложена од друг пратеник или друга група. Тоа е основна клетка на демократијата. Значи, ние си ја затвораме, задушуваме комуникацијата со основен белег на демократијата и Парламентот како граѓанска репрезентација. Верувајте дека по точката која ја предложив апсолутно е императив дека мора да се расправа. Што ќе се одлучи по тоа, каква ќе биде завршницата, каков ќе биде исходот од тоа, зависи од гласови, меѓутоа, тоа е друго прашање. Но, да не се расправа, јас не знам кои се аргументите, не ги слушнав од предлагачот зошто не треба да се расправа. Ќе се расправа по оваа информација, ако имаат и тие информација нека ја стават на дневен ред и по неа ќе расправаме. Тука не

гледам ништо трагично. Ако ги имаме чистите сметки не треба да се плашиме од јавноста. Со самиот факт што не сакаме да се расправа по тоа прашање, значи се плашиме од јавноста дека ќе произлезат многу работи кои се вистинити. Ако сме чесни, искрени, напротив треба да инсистираме да се расправа и да се дознае вистината. Погледајте каква јавност и јавно мислење постои во однос на изборите кои првенствено треба ДПА да ги објасни тука. Изборите во е0% од избирачките места беа окупирани од банди и криминалци. Тоа е трагедија. Ако не се објасни, штета за таа партија. Или постои мислење дека во Кондово пукале луѓе блиски телохранители на министри и заменици министри. И тоа не е објаснето. Тие се шетаат слободно по Скопје, мајката на починатиот ми пишува писмо, а ние имаме храброст да кажеме дека не смее да се расправа по оваа точка. Со која чест на ова Собрание?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Ве молам господа пратеници уште еднаш повторувам дека само јас давам предлог и Вие го утврдувате дневниот ред. Како што можете да го дополните, така можете и да отфрлите било која точка. Ако јас давам конечен предлог и тогаш нема да отворам расправа. Тоа било во сите парламенти и ќе биде и натаму и во новиот Деловник, па според тоа, не ме обвинувајте мене дека сум требал да ја затворам расправата и тоа што сум го предложил, а што стигнало благовремено до мене дека е тоа единственото. Дневниот ред вие го утврдувате. Немојте да ми префрлувате дека јас сум тој. Ако таква одлука донесете овде, променете го Деловникот, дајте ми таква можност, тогаш се што ќе ставам на дневен ред нема расправа, туку по тие точки ќе тераме.

Затоа во оваа ситуација јас друга можност немам освен секој од Вас да го сослушам, Вие на крајот на краиштата кои информации ги побаравте до сега, некои беа ставени, некои беа отфрлени од дневниот ред итн. Затоа ве молам, не го читајте пет пати Деловникот сега кога треба, три мандати поминаа по истиот Деловник се работи на овој начин. Немојте сега да оценувате дека јас сум можел да Ви го предложам дневниот ред и таков да биде прифатен. Само толку како едно мало укажување, не би сакал ни како реплика да се сфати.

Има збор господинот пратеник Оломан Сулејмани.

Ќе ве молам, секој има право да си каже, господине Котевски на ред сте, секој има право да се произнесе по точката и да предложи нови идеи, немојте сега да го узурпираме правото. Не би требало да се злоупотребува и да се води материјална расправа. Инаку, треба да се каже зошто сакаат таа точка да остане на дневен ред така како што е предложена. Овде сте запишани и ќе ви дадам збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**

Господине претседателе, почитувани пратеници јас не се јавив за збор, а меѓутоа, токму за дневниот ред и за точката која е веќе утврдена на дневен ред. Јас ќе се потрудам да помогнам за да излеземе од оваа ситуација, меѓутоа, мислам дека тешко може да се излезе од оваа ситуација, бидејќи самиот претседател односно првиот пратеник како да подлегна на целите на Владината коалиција, жал ми е што зад мене го гледам во таква ситуација, бидејќи еве дозволил самиот да подлегне на една ваква ситуација и бара излез од нас самите, бидејќи сите ние се трудиме нашата пратеничка цел, односно функција да ја вршиме онака како знаеме и умееме.

Што е целта на мојата дискусија? Мислам дека, ќе бидам многу краток, знам дека знаете колеги пратеници дека Република Македонија е поделена на 120 изборни единици, не ми е тоа целта, меѓутоа, сите овде ја претставуваме Македонија. Македонија е пред мене овде и зад мене со првиот парламентарец. Имавме избори кои не личеа на избори и сите тие проблеми кои беа на терен, некој можеби се радува на тоа дека победил, некој можеби има право да рече дека изгубил, меѓутоа, ние го изгубивме достоинството, ја изгубивме човечноста, бидејќи на избирачките места ни се случи она најтешкото, ни се убиваа луѓето, а тоа се наши граѓани и ние сме заради нив тука, а не овде да изигруваме политички и маркетиншки да се однесуваме дека победи оваа

партија или изгуби другата партија.

Очигледно дека точката е уцврстена на дневен ред и јас како пратеник од ПДП со сите мои колеги стоиме зад оваа информација дури имаме и други факти и аргументи кои треба токму пред Вас, пред јавноста да ги изнесеме и да го кажеме она што не чини за граѓаните на Република Македонија, односно што не чини за Република Македонија.

Меѓутоа, за жал, првиот пратеник на Собранието, јас не би му дал толку право да манипулира со Собранието, бидејќи ако верува на својата коалиција не треба да ја минимизира активноста на опозицијата. Ако сака најлесно да излезе од оваа ситуација, не мора да верува на опозицијата, не мора да верува на позицијата, тој има еден многу верен другар, соработник кој веројатно е пред него, а тоа е Деловникот на Собранието. Нека работи со Деловникот и верувам дека тоа е најправиот пат. Тоа значи дека никој нема право од пратениците да предложи да се повлече точка од пратеничка група или од поединец, бидејќи во ова Собрание сме сите рамноправни.

Затоа за дискусија ќе се јавам откако ќе почнеме со точката, односно со дневниот ред, меѓутоа, дајте да не се срамиме како законодавен дом, да ги напуштиме малку тесните интереси, индивидуални и она што некој од пратениците се виде и на терен кој наметна насилство и тоа можеме слободно со име и презиме да кажеме дека на тие пратеници можеби не им е местото ни во своите куќи, а не во овој законодавен дом.

Претседателе, мојата сугестија е консултирајте го највериниот пријател тоа е Вашиот Деловник и веројатно ќе излезете од ситуацијата. Не подлегнувајте на Вашите коалициони партнери и на опозицијата. Мислам дека ќе бидете поуспешни, бидејќи сте правник, а јас исто сум професор, јазичар, мислам најмалку имам право да Ви делам лекции што значи право и што значи правна држава и што значи институција - Парламент. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани.

Навистина Деловникот го имам пред себе во секој момент, такви лекции од областа на парламентарното право со задоцнето дејство или во функција кога ви требаат ќе ги делите, а кога не ви требаат добар е Деловникот, јас мислам дека не би требало денеска да ги читате, бидејќи навистина постапувам по Деловник, а ако не постапувам по Деловник има начин од кој ќе побарате одговорност, јас ќе ви ја дадам таа одговорност. Можно е да се случи, после сето ова, и сам да си ја побарам довербата дали постапувам по Деловникот или не, но не ја барајте вината во мене. Ова е начин на кој работи Собранието според Деловникот таков каков што е и така како што до сега сме работеле. Затоа Ве молам, уште еднаш повторувам, немојте да посегнувате по стручниот и моралниот интегритет мој, бидејќи не сум виновен што таков Деловник постои и по таков Деловник сме работеле.

Толку колку за одговор на оваа дискусија.

Ќе ве молам дами и господа пратеници, за збор се јави уште господинот пратеник Азиз Положани, веројатно по оваа точка и после тоа да преминеме ...

(Повеќето од пратениците бараат збор)

Добро, луѓе, сите ќе добиете збор, еве ќе одиме по ред, прво господинот Азиз Положани, а и вие ќе говорите и сите ќе ве сослушам. По Деловникот ќе ве сослушам сите.

**АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам господине претседателе,

Токму на почетокот на дискусиите од нашите пратеници, посебно од Пратеничката група на ПДП вниманието се насочуваше кон овој проблем дека навистина ако не се респектира тоа што е напишано или тоа што е дадено на дневен ред, ризикуваме и заедно паѓаме во една ситуација како што и сами гледате. Кој е виновникот тука? Дали е Деловникот, дали јас или некој друг, јас не знам, но принципот кога се крши еднаш тој веројатно ќе се крши многу пати, кога се крши за малку ќе се крши и за многу, па господине претседателе кога зборувам овде на говорница мислам имам наум дека сепак освен пред јавноста, освен пред почитуваните пратеници зборувам и пред еден професор по право кој,

сакале или не, ми дава за право да верувам дека некоја процедура која е претходно одредена, некои работи се јасни, а и Вашата компетенција по таа струка ќе ни помогне да ги решаваме таквите дилеми, а не напротив ќе ни одмогне.

Вие сами рековте дека кога со Деловник ви е одредено дека претседателот ќе го постави на дневен ред една точка, тогаш така ќе биде. Но, проблемот е токму тука. Ставена е на дневен ред точка по сите потребни процедури, ги исполнува сите услови да биде тука и да биде расправано по неа, сега се повикуваме на некоја арбитрарност, на некоја непрецизност, дека може и таа точка која по сите процедури е поставена таму може да се симне од дневен ред. Јас не сакам да ги повторувам правниците што рекоа за таа работа само навистина преседанот е повеќе од јасен и мислам дека во прашање е самата демократија.

Зошто е во прашање самата демократија? Јас би бил среќен кога би биле на крајот на седницата, кога би зборувале за самата тема како дебата наместо да образложуваме зошто денеска ние инсистираме оваа точка да не се симне од дневен ред.

Како прво, ќе дозволите господине претседателе, треба да се знае дека столб на парламентарното демократско општество се демократските избори од кои извира легитимитет и суштината на системот врз чија база стојат демократски институции како израз на слободна волја среќно декларирана на избори кои мора да бидат фер и демократски.

Господине претседателе чувствувам дека немаме повеќе нерви да слушаме, па ако можете да воспоставите ред во Собранието.

Второ, ако ние не случајно сета наша програма, сета наша филозофија на делување во насока на реализација на нашите определби сме ги базирале врз логиката на плурална демократија освен друго и како метод кој во други места ги дало своите резултати. Јас мислам дека демократијата и плуралното општество и плурализмот како негација на монизмот ние не го прифативме како народ и како држава само поради нејзиното друго име, туку мислевме, сериозно мислевме дека користејќи ја плуралната демократија како метод за остварување на нашите национални па и граѓански права ќе успееме во институциите на државата да ги реализираме тие работи кои не успеавме да ги реализираме и во монизмот. Поради тоа, ние не бевме клучни што го сменивме монизмот и како Македонци и како Албанци и како сите во регионот, им се приклучивме на струењата кои беа за тој монизам да си отиде од сцената и го прифативме плурализмот како метод со кој ние, не само како добро име, туку како метод со кој мислевме и имаме право да мислиме дека ќе ги реализираме и нашите посебни интереси. Кога таа плурална демократија е во опасност, ние мораме да дискутираме.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ**: (продолжение)

Ако веќе сме ги прифатиле како свои, кое е како трето, сите принципи на сите меѓународни организации и институции, асоцијации во кои ние членуваме, засновано врз слободата и фер избори како плурална демократија, гарантирани со декларираните норми на правната држава, и респектирајќи го различното мислење, се декларирани како пазарни вредности без кои не може да се замисли самата демократија. И, кога нам ни се случува очигледно нешто сосема спротивно на ова, кога во име на овие вредности се оневозможува слободното изразување, кога веќе декларираниот резултат не кореспондира со расположениeто на граѓаните во одредени места и кога во име на некакви виши сили, виши цели се употребува и сила, се до огнено оружје,. каде имаме, за жал сосема непотребно и жртва, некој како да сака да каже дека е сето тоа недоволно за да дебатираме денеска за оваа работа. Јас се прашувам, г-да, па што треба да се случи да ние бидеме толку доблесни нешто тука да проговориме и за таа работа? Што просто нам треба да ни се случи? Ние предлагаме оваа точка да остане да дневен ред затоа што мораме на граѓаните да им пренесеме една порака. Дали тоа ќе биде заклучок за кој што ќе се договориме, дали тоа ќе излезе од некоја анкетна комисија, што е сосема нормално и да се предложи, ако не успееме во тоа, преку наши дискусии можеби ќе успееме да пренесеме кај нашите граѓани барем некоја порака што би била во насока, даречеме дали така да продолжиме да се однесуваме при

изборите? Дали сите ние сме подготвени поради тоа некој да биде пратеник или градоначалник, некому да му загине синот или братот или било кој? Дали тоа што се случи има потреба да се дискутира и да се престане со тие работи и да видиме што може да се направи тие работи барем да не се повторуваат и барем да нема жртви ако сакаме да се приближиме кон Европа.

На крајот на краиштата, во процесот на демократските промени многу земји грешеле. Направиле некои грешки. Можно е да ги правиме и ние. Но, ако тие не се признаваат, јас тешко верувам дека можат и да се поправат. А, грешките што се прават, во надеж за перфектно општество за некого, водат кон употреба на сила. И, политиката брзо ќе го потчини она што претендираше да го ослободи.

Имаме право сите ние да се запрашаме, па мислам и нашите колеги од ДПА и да се анализираме зошто дојде до тоа? Зошто тоа просто ни се случи? Дали можеше тоа да се избегне? Јас мислам дека имаме потреба да дискутираме за ова. Имаме потреба да ги разгледаме секој своите грешки и за тоа никогаш и во никаква мера и во негативна смисла никому да не се повтори. Затоа што легитимитетот не може да се добие со сила. Историјата покажува дека, сепак,. силата, а особено убиството ја делегитимира секоја власт. Тоа е од нашето подалечно минато и од блиското и од опкружувањето веќе докажано.

Што сега од сето тоа ние имаме? Што од тоа што се случи ние сега добивме.

Често спомнатиот Македонско-Албански контекст, со кој што се дојде на власт како историски контекст и реален и, според мене потребен за евалуација и решавање на отворените прашања, на место да се одржи отворен се до решавање на отворените прашања, со вакво однесување на една партија на власт, а и со помош на целата власт, единствено што направи е тоа што успеаа контекстот
да го поместат од Македонско-Албански на Албанско-Албански контекст односно меѓу граѓански контекст што не е ниту историски, ниту реален, ниту пак нешто ќе реши...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Положани...

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

...Тоа е непродуктивен контекст, тоа е нашиот ќар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, немојте сега да одите на други прашања.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Да,да, завршувам, нема да одам.

Но, јас мислам дека како таков, ние како ПДП таа фрлена ракавица не треба да ја прифатиме. За нас контекстот останува таму каде што беше. Но, сметаме, за жал, според тоа што ни се случи, дека имаме многу да правиме во создавањето на основата и за универзалните демократски вредности, сеопшто прифатени како услов за квалитетна и содржајна надградба и на други, толку за нас потребни вредности како што се националните, граѓанските и други елементи на цивилното општество.

Како што гледаме, г-да пратеници, не е лесно да се зафатиш истовремено за двата процеси, а особено станува тешко ако наместо конструктивност се импонира човечка злоба и нетолеранција. А, избор каде дојдоа до израз сите овие манири во најизразена форма, каде имаме за жал, да повторам сосема непотребно, жртва, јасно е дека не можат да бидат основа за легитимитет. Од нелегитимни избори не можат да се добијат легитимни институции. Од еден недемократски процес, нормално дека не можат да се добијат демократски резултати.

А, бидејќи јас уште се надевам дека сепак наша заедничка цел е демократијата, јас мислам дека за таа цел има што да дебатираме денеска, бидејќи само така можеме да ја спасиме неа.

Уште нешто ќе додадам, Г-дине претседателе, поттик беше моментот кога г-динот пратеник тука го читаше писмото на мајката на загинатиот човек и некој таму викна - зарем и ти го жалиш него, некој слушна, некој не слушна, всушност , во тоа е трагиката. Секој има право да жали. Како прво сите ние сме луѓе, пред се, но што направивме. Ние жртви имавме, г-да и порано. Имавме и во монизмот имавме и подоцна. Жртвите ни ги правеа другите и ние плачевме на ист гроб. Сега жртвите ги правиме сами и другите плачат над нашиот гроб.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Азис Положани.

Збор има г-динот ...

(пратеникот Сејфедин Харуни бара збор процедурално)

Почекајте, ќе дојдете на ред, запишани сте.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

(од место)

Барам збор процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според кој член од Деловникот барате процедурално, прочитајте го членот во Деловникот според кој се јавувате процедурално?

Инсистирате на деловни, ве молам Деловникот, според кој член барате збор процедурално.

(пратеникот Сејфедин Харуни се упатува кон говорницата)

Не, не ќе одиме сега по Деловник.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам конкретен предлог по однос на ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате конкретен предлог по однос на ова, повелете.

Има збор г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Ќе ја молам службата да го избрише од екранот г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Видете, јас за збор сум се пријавил. Ова ми е процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам , пет пати не можеме...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извини молимте претседателе, ако не, ќе се вратам назад.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па во дискусија ќе го кажете предлогот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да ми се скрати правото да дискутирам, јас би се вратил назад.

Јас имам сега процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, кратко, пет минути процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Можеби и пет минути ќе бидат многу.

Г-дине претседателе,

Оваа процедурална интервенција се однесува на вас.

Деловникот на Собранието, на стр. 39 пишува "Дневен ред" , точка 3, читам :

"Дневниот ред на заедничка седница на сите собори се утврдува по предлог од претседателот на Собранието на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневен ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му ги доставиле функционерите и органите кои , според Уставот и овој Деловник , се овластени да предлагаат одредени прашања да стават на дневен ред на заедничка седница на сите собори".

Член 99 "Секој делегат", а тоа се мисли на секој пратеник, "може и на седницата да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог".

Овој член продолжува и понатаму. Г-дине претседателе, овде вие сте предлагач на дневниот ред. Никаде нема, ниту во овој член што го прочитав, ниту во другиот дека делегат може да предложи симнување од дневен ред точка што е веќе утврдена од самиот предлагач.

(реакции од страна на пратениците)

Ти не заслужуваш ни за делегат ни за пратеник. Слушај ме малку.

(реакции од страна на пратеникот)

Ни делегат не заслужуваш, извини што се јавував вака на говорница, затоа што си неписмен. Читај малку! Читај!

А, должен е претседателот, кого јас го почитувам како правник, како уважен правник, Деловникот на Собранието да го толкува онака како што пишува, додека овој Деловник е се уште на сила. Јас не сум правник. Меѓутоа, да се толкува Деловникот сега по ќеиф на коалицијата или пак на некој кој може да предлага, јас мислам дека јавноста ќе биде во заблуда. Јас не сум правник. Еве, повторно кажувам. Меѓутоа, ако не друго, барем можам да читам.

Ние, со Информацијата што, врз основа на Деловникот, благовремено ја. имаме дадено, Информацијата има тврди

докази, г-да, да, да, тврди докази има, кои досега не требаше да молчи Владата на РМ на чие чело стои г-динот Љубчо Георгиевски, не требаше да молчи ниту Борис Трајковски, претседател на РМ, ниту Ставре Џиков јавен обвинител на РМ, 25 дена имаме од денот кога се изведоа локалните избори и тоа на начин со долгите шаржери.

Поставувам едно прашање, Г-дине претседателе, во прашање е она што му е гарантирано со Устав на Собранието да ја одигра онаа своја улога, во овие погоре што ги спомнав со име и презиме, Владата и сите други надлежни институции повикани до сега да даваат една ваква информација по повод крвавите настани на 10 септември, тие до ден денеска тоа го немаат направено.

Сега, дали Собранието на РМ, што е над овие што ги спомнав и улога што со Устав му е гарантирана да е во состојба уште да ги коментира желбите на таа клептомана власт. Клептомана до крај, од петици па до глава...

(реакции во салата)

Ти можеш да ме слушаш ако сака, ако не можеш да излезеш надвор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, предлогот го слушнавме...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, правник си и ти Г-дине.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па добро, предлог-процедурално рековте...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, во прашање се правата на граѓаните во РМ што со Устав се гарантирани. До колку дозволуваме ние, Собранието на РМ тие права да не е во состојба да ги заштити, тогаш во спротивно Собранието на РМ како најголема институција во државава во демократските држави, ќе го легализира насилството.

Јас вака процедурално вам ви се обратив, а вие по Деловникот, ве молам продолжете со работа.

Инаку , друго толкување на Деловникот, Г-дине Саво Климовски д-р по прави науки, јас не гледам дека вака пишува поинаку, заправо. И, затоа не мачите.

Јас го прифаќам дневниот ред и по Информацијата, благовремено дадена од пратеничката група, каде имаме тврди докази за текот на настаните на 10 септември по повод локалните избори во РМ и , по тие докази, г-дата кои имаат поинакви, а можеби и би имале, јас сакам да бидам до крај чист и сакам пред јавноста да бидам до крај што е можно објективен.

Фала претседателе. Но, по ова што поставив прашање, по Деловникот на Собранието, да се толкува така како што пишува а не онака како што се сака.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

Значи, денеска колку лекции ми отчитаа, тоа е чудо едно.

Добро, конечно ова е парламентарна демократија.

(пратеникот Сејфедин Харуни се враќа на говорницата)

Не, не, ништо не реков. Само реков лекции ми читате.

Во ред. вратете се на место.

Вратете се. Не може пет пати сега.

Не ви давам збор.

Како сега...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не мора да ми даваш.

Не ти држам лекција, него сакаш да ни држиш лекција и тоа не заснована врз правна основа. Извини молимте...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, добро, покренете...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не сакам ни тебе , ни никому. Никому, апсолутно да им држам лекција. Него вие го кривоколчите законот, заправо и Деловникот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако е тоа така Г-дине Харуни...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако е поинаку, молимте кажи како е...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, не сакам да коментирам...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Овој е Деловникот што е уште на сила...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе побараме толкување...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:

Не мора да полемизираш. Јавноста

се става во заблуда. Ќе мораме целиот пасус за дневен ред да се даде на јавните гласила да го препишат и јавноста да го чита.

Немој, молимте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, во ред е сега, Г-дине Харуни пет пати ќе се враќаме сега назад.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Најмалку сакам да ви држам лекции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам.

Г-динот пратеник Благој Ханџиски побара збор.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Прво сакам претседателот да го потсетам дека побарав збор прв на почетокот на седницата, уште пред да излезе на говорница колегата Златко Стојменов. Тоа значи дека се јавив за збор не затоа што бев спомнат од него и затоа што бараше одредени образложувања околу сето она што се случуваше околу работата на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, а поврзано со точката на дневен ред ставена од страна на претседателот на Комисијата г-динот Котевски Информација за загрозеност на пратениците од пратеничката група ВМРО-ВМРО.

Ако не беа во прашање, Г-дине претседателе, вакви сериозни прашања, ако не беше во прашање ова што ни се случува наназад неколку месеци во серија, тогаш можеше ли да премолчам дел од игрите што се играа и покрај тоа што точката беше ставена на дневен ред на седницата на Комисијата, да не дојде време за неа да се расправа. За некои помалку битни работи тоа е правено и кај нас, правено е и во други парламенти.

Меѓутоа, мислам дека на сите ни е јасно дека "тенката црвена линија" по многу прашања е помината. Мислам дека на сите ни е јасно дека или ќе се соочиме со фактите и со реалноста и во овој момент сите заедно, независно од тоа на која политичка партија или пратеничка група припаѓаме ќе ги повлечеме вистинските потези или одговорноста за тоа што ќе се случува, не со нас поединци овде, пратеници, со овој народ, со сите граѓани во државата, со државата во целина ќе лежи на нашите плеќи.

Нам ни се случија сериозни настани со далекосежни и несогледливи последици. Нам ни се случија настани низ кои се погазија на дело, пред очите на целата домашна и меѓународна јавност, основните човекови права и слободи, од правото на слободен избор, од правото на поинакво мислење, од правото на сопственост, ако сакате, се погазија основните човекови права и слободи, се понижија нашите граѓани, се повредија, се загрижија и се загрозија, дури во многу случаи како што беше до сега многу пати кажано и како што се знае и нивните животи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Во една ваква ситуација за мене е незамисливо кога вие како претседател на Собранието ќе ставите процедурално, деловнички, законски една точка на дневен ред, два дена да расправаме за тоа дали да остане таа точка на дневниот ред или не, и два дена повторно да играме игри испод жито како таа точка да се симне од дневниот ред. Ние практично учествуваме во расправата. Што штета до сега видовме од оваа расправа? Има повеќе вистини за секоја работа. Беа поднесени неколку информации. Ако тие информации не дојдат на дневен ред, ако не расправаме за нив, ниту сме на нивото на сериозноста на настаните на кои што се однесуваат тие информации, ниту пак ќе дојдеме до некоја вистина по која ова Собрание мора да се произнесе, дали преку заклучоци што ќе ни ги понуди Анкетна комисија, дали преку една декларација, за тоа ќе разговараме понатаму. Меѓутоа, можноста да се разговара по сите три информации по никоја цена имајќи ја предвид сериозноста на тоа што ни се случува не смееше да се суспендира овде во оваа држава се суспендираат од ден на ден не само институциите, се суспендираат законите, се суспендира Уставот.

Господине претседателе, посебно ви се обраќам вам, заради настанот кој што го промени токот на мојата дискусија и не инсистирав веднаш да се јавам на почетокот веднаш после дискусијата на колегата Стојменов. Ако за вакви сериозни прашања не создадеме атмосфера во највисокиот законодавен дом, во ова тело, во Парламентот, во вашиот кабинет каде што се договараат дневните редови и

токовите на седницата, тогаш не знам каде ќе имаме можност да одговориме на уставните обврски што ги имаме и на обврските што ги имаме преземено пред целиот овој народ кој што не избрал да го претставуваме овде и кој што чека од нас да дадеме вистинска разрешница на сето ова што ни се случуваше и да ставиме крај на сите негативни појави кои што не само што се директно спротивставени на декларираните определби за демократизација на општеството за изградба на правна држава, туку нанесоа огромни штети на оваа држава на меѓународен план. Па, за каква интеграција господине претседателе разговараме во Евроатлански структури во колективни системи за безбедност и одбрана во ЕУ кога за оваа држава за неполн месец дена отидоа такви неповолни слики пред очите на Меѓународната заедница. Нема медиум што тоа не го објави. Како можеме да си дозволиме, кога бевме први во тие процеси, кога имавме извонредно демократски избори во 1998 година, меко предавање на власт. Денеска Македонија да има локални избори кои што се организирани многу полошо, кои што поминаа многу полошо, кои што оставија многу поголеми последици од изборите во државите кои што беа ставени први на црните листи, по тоа што биле недемократски, диктаторски итн. Во таква ситуација треба да се даде простор во овој Парламент сериозно да разговараме за сите прашања загатнати во сите три, или четири информации кои што беа понудени во парламентот. Мислам дека тој простор по ниеден основ немаме право да го затвориме и тие можности да им ги одземеме на пратениците, затоа што ќе повторам, независно од тоа на која пратеничка група припаѓаме, сите мислам дека имаме подеднакви обврски. Овие проблеми да не се повторат, да се стави крај на сето тоа што ни се случуваше, затоа што нема да трпиме ние, нема да трпат нашите врсници, ќе трпат генерациите за кои што сме повикани да создадеме многу поблагопријатни и демократски и економски и сеопшти услови во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Благој Ханџиски за учество во расправата.

Јас би кажал дека на никого не му е однапред сега ограничено правото да се произнесе и да биде точката на дневен ред. Зошто сега толку да се жустриме? Ќе имаме гласање, ќе се определи тоа, секој ќе си каже како мисли. Во таа смисла јас укажувам, а и јас имам право да поднесам предлог. Јас дури и не бегам од расправа. Јас дури сакам расправата да ја пренесам целосно овде. Во рок од месец дена да се донесе, навистина ние да оцениме, што е право а што не е право а вие мислите дека треба да се расправа денес, во ред е тоа и го прифаќам како мислење.

Денеска ни се гости во Галеријата парламентарната група за пријателство и соработка на Парламентот на Кувајт предводена од претседателот на групата д-р Ахмед Ал Шорајан, јас би сакал да ги поздравам (аплауз).

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани гости од Кувајт,

Имате прилика да видите на лице место како работи и делува Македонскиот парламент. Навистина денес од сето ова што се зборува наместо да сум охрабрен, јас сум премногу разочаран. Можам понекогаш да бидам разочаран од луѓе кои не влегле во вакви парламентарни клупи, можам да бидам разочаран од луѓе кои воопшто не знаат што е тоа Собрание, собраниски систем, кои не знаат што е Деловник за работа, кои не знаат што е помошно тело во Собранието на РМ, што значи претседател, што значи дневен ред итн. Навистина сум разочаран заради недвојното мислење на луѓето и двојното однесување. Тоа може да се каже дека е и повеќе пати надминато. Јас како претседател на Комисијата за внатрешна политика и одбрана имам и секретар на таа Комисија, ќе го доставам до сите вас и списокот за присутните членови за Комисијата што беше одржана вчера, всушност за присуството на луѓето на членовите на оваа Комисија кои дојдоа и кои ги чекав точно половина час, немавме мнозинство и јас морав да го прекинам тоа продолжение на комисиската расправа. Во право е господинот Ханџиски дека точката беше ставена на

дневен ред во ова помошно тело и никој немаше против да се расправа, ниту по едната точка, ниту по другата и третата, меѓутоа пречката е во главите на луѓето кои мислат дека во Собранието на РМ треба да дојдат само тогаш кога следува дневница. За жал вчера се случи тоа, бидејќи имавме и собраниска седница, а не само седница на Комисијата, отсуството од опозицијата која е мнозинство во оваа комисија брои 5 члена не присуствуваа и јас морав да ја прекинам седницата. Присуството, мнозинството во оваа комисија го сочинуваат Благој Ханџиски како опозиција, Лазар Китановски, Звонко Мирчески, Стојменов и Оломан Сулејмани. Тие можеа слободно да дојдат, да зборуваат за седницата, да ги донесеме сите заклучоци едногласно што ги предлагаа и никој немаше да им спори, бидејќи ние сме 4 од позицијата во оваа комисија заради настанатите состојби. И не знам кого сакате да го окривувате и ако имате барем малку ронка на интелектуалност во своите глави, навистина ова треба еднаш да го избришете и да не манипулирате со вакви нечесни работи, недомаќински и нечовечни. Навистина мене ми се гади од некои работи во ова Собрание. Не можам јас во Собранието на РМ од насилници да работам во оваа комисија. Претходната седница ја закажав точно се знаеше во која сала е закажана и дневниот ред беше испратен до сите членови на комисијата. Одиме во таа просторија, за жал, господинот Харуни влегол внатре, држи тероризам, не пушта никој да влезе. Па така ли ние ќе правиме демократија, така ли ние ќе служиме за пример на граѓаните? Прво, овде сами со себе како луѓе, како пратеници, како познаници трет мандат учествуваме, апсолутно не водиме сметка меѓу себе. Апсолутно не сакам никого да навредам, меѓутоа, ова ни се случува. И зошто денес Котевски го ставате на тапет кога точката и без разлика што немаше информација од Владата, што немаше информација директно од МВР, јас допуштив точката да се стави на дневен ред и реков дека ќе ја продолжиме седницата, ќе расправаме и како комисија ќе донесеме заклучок и ќе излеземе пред ова Собрание се разбира доколку таа влезе на дневен ред. И тука не е ништо спорно од моја страна. И до тука се моите ингеренции. Меѓутоа, јас вчера дадов и едно друго образложение во врска со оваа точка, бидејќи изборите не се завршени, ако сакате да играме некој бон тон, ако сакате да искажеме некое другарство, или џентлменство, дозволете да заврши и последниот круг на локалните избори. Злото е направено и убиство и нереди и не знам што е направено. За три дена, за 5 дена, нема ништо ние да поправиме. Напротив, со сите други дополнителни информации што ќе ги добиеме од релевантните институции на оваа држава, кои треба да си ги почитуваме, бидејќи се наши, не се туѓи однадвор, ние ќе имаме целосни показатели точни, исправни, за да можеме точно да удриме таму каде што треба да удриме како Собрание на РМ и навистина да кажеме, не, на одредени девијантни појави, лоши појави кои ни прават недобар углед во меѓународната заедница и надвор за таму каде што се стремиме. Тоа беше мојата заложба и тоа е мојата принципиелна заложба секогаш. И за жал, навистина разочаран сум затоа што половина час пред 10 часот ги чекав сите членови на Комисијата за внатрешна политика и одбрана и тоа можат да го потврдат сите службеници во Собранието на РМ и во овој Парламент секогаш сум половина, или еден час однапред дојден. И сега ми се импутира дека Котевски не сакал да ја одржи седницата. Ја молам секретарката доколку го има записникот за присутните на вчерашната седница да ми го достави да го покажам пред сите новинари за да биде мојот образ чист, а на тие што не им е чист, нека се бришат ако сакаат и со факс и со некој посебен спреј.

Почитувани пратеници, еве го списокот: Ѓорѓи Котевски, Златко Стојменов, Звонко Мирчески и Лазар Китановски и Мерсел Биљали како непоканет гостин, како застапник за оваа информација од страна на пратеничката група на ПДП. И дури јас и го опоменав господинот Билали, доколку не си овластен од пратеничката група на ПДП да присуствуваше на комисијата, а доаѓаш само за дневница, тоа друг пат нема да ти се случи. Нека стане господинот Билали и нека каже дали колегијално вака настапив.

Да, секој има право да одреди свој застапник од пратеничката група да даде образложение и за тоа му следува

дневница од Собранието на РМ. Но, некој ако си допуштил да оди на сите комисии и да зема дневници, тоа јас како Ѓорѓи Котевски нема да го допуштам. Друго е прашање кој што сака нека прави во ова Собрание. И уште еднаш ви покажувам, еве го списокот на присутните кои ги чекав точно половина час.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прво, почитувани колеги многу ми е непријатно да навлегувам во реплики по прашања од типот ти реков, ми рече итн. Меѓутоа, со оглед на трактатот на колегата Ѓорги Котевски морам да кажам два збора. Прво, со оглед на тоа што спомена дека ако имаме интелигенција ќе сме направеле така и така. Да го потсетам дека интелигенцијата и совеста на што најверојатно мислеше кај повеќе луѓе секој пат не одат заедно. Меѓутоа, реков во претходното јавување дека вистината има повеќе лица секој пат. Една вистина кажавте на говорница господине Котевски, а правата вистина е следна. Да илустрирам народски. Често закажувате средба пред Собранието во 10,00 часот, а вие чекате пред Владата. И сега се жалите зошто ние не сме дошле пред Владата. Закажавме седница во 10,00 часот вчера во салата на Уставната комисија. Без било каква информација вие одите во сала 122, ние чекаме пред салата на Уставната комисија половина час, нема никој од вас, вие чекате да не дојдеме во сала 122, прогласувате дека нема кворум, нема седница на Комисијата, тоа е вистината. Јас допуштам дека е настаната, дека не е намерно, дека е техничка грешка, затоа што никој не информира дека е променета просторијата во која треба да ја држиме седницата на комисијата и ние си дојдовме на време како и вие, ние чекавме пред вратата на салата за Уставна комисија, вие во салата 122 и во ситуација кога имаше предигри на тоа. На претходната сесија на седницата на Комисијата да не се расправа по точката, нормално е дека ќе се посомневаме дека не е во прашање техничка грешка, туку е во прашање опструкција за да не се дојде до расправа по таа точка што беше усвоена на дневниот ред на комисијата. Тоа е вистината.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине Ханџиски, цела работа беше за тоа што во салата на Уставната комисија беше делегацијата од Кувајт и луѓето кажаа дека членовите од комисијата биле во таа делегација. И јас токму затоа чекав половина час, а седницата беше закажана во 10,00 часот. Тоа не е моја вина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Денес ова не е предмет на расправа.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Во однос на она што беше пред малку кажано, и што беше покажано јас до пред малку бев уверен дека во сето тоа има политичка манипулација, меѓутоа се плашам дека сега почнувам да верувам дека во тоа има и малку лага. Имено, ако е чесен господинот Котевски и ако сака да одговара вака силеџиски преку ред, со насилство да истрчува на говорницата, стил виден и заради кој ние вчера ја напуштивме седницата, јас ќе му порачам следното. Тој покажа дека на списокот кој го покажа секретарката на комисијата, има четворица потпишани, а за кворум се потребни пет. Со влегувањето на господинот Лазар Китановски, тој му рече: имаме кворум, бидејќи имаше. И тој излезе низ вратата. Лазар Китановски кажа дека има врска со Ханџиски, дека ќе го повика.

Второ прашање конкретно до господинот Ѓорѓи Котевски, на кој начин ги извести пратениците дека е променета салата.

И трето прашање за господинот Котевски, зошто на секретарката на Комисијата и беше оневозможено да залепи хартија со известување на вратата од салата за Уставна комисија. Тоа се три конкретни прашања.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**; (продолжение)

Вистината за одложување беше таа дека Котевски има приватни активности и не можеме да продолжиме со работата во вторникот, во средата не можеме да работиме бидејќи активности има г-динот Флоровски а четвртокот ги немаше прво претставниците од Владата, пред оваа седмица за прашања од доменот на Министерството за внатрешни работи ги баравме, ги чекавме два часа Г-дине Котевски, така да Г-дине Котевски Вие не ги баравте нив, туку гледавте да излезете

од просторијата. Тоа се голите факти. Меѓутоа, најстрашното од тоа е што сега во овој момент додека седите, или истрчувате на говорницата и имате време да дискутирате денови и денови, органите за внатрешни работи, т.е. полицајците ги штитат фамилиите на одредени пратеници кои седат, ваши колеги во овој парламент, тие не можат слободно да штетата, тие се ограничени во движењето, нашите дечиња ги пазат при одењето и враќањето од училиште.

Очигледно, измешавме некои работи. Уште нешто ќе кажам околу процедурата. Не сакав да формализирам колку е важна процедурата. Сакам да кажам колку е важна темата, за да дојде и да се сретнеме со аргументите. бидејќи некој овде со притискање на зеленото копче бега од аргументите и да се сретне со аргументите околу овие моменти. За илустрација ќе ви кажам. Ако чекате собраниска процедура, овие денови во градот Штип 1000 деца нема да одат на училиште, бидејќи поради граѓанска непослушност нивните родители нема да ги испратат. Дали процедурата и надгласувањето ќе победи, или ќе победи совеста пред граѓаните на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, да се задржиме на прашањето по дневниот ред.

Процедурално се јави г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, прво, зашто ние денеска расправаме?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И јас тоа прашувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие морате да знаете. Вие сте претседател.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас знам, меѓутоа другите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само нешто да ви кажам. Ние колку што знам, расправаме по повод предлогот на г-динот Љутвиу, да се симне од дневен ред точката: "Информација за локалните избори и настаните во Западна Македонија". Го ислушавме г-динот Љутвиу, зошто тоа го предложи. Го слушнавме и претставникот на предлагачот на материјалот. Потоа нема расправа. Деловникот не дозволува расправа. Вие и вчера и денеска дозволивте расправа. Требаше да се гласа и готова работа. Знам, дека е неправедна одлуката на мнозинството, ама тоа е. Во парламентот така се одлучуваме и точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го прифаќам предлогот, повеќе да не расправаме.

Ве молам, го ставам предлогот на г-динот Биљаљи на гласање. Ве молам, нема повеќе расправа. Нека влезат внатре пратениците и не сакам повеќе расправа. Ќе дискутирате ако дојде до точката на дневен ред. Ова е деловнички. И јас ви дозволив вие да водите материјална расправа. Ве мола вратете се на место. Не ви давам збор. Вратете се на место. Ве молам исклучете ги микрофоните. Не можете повеќе да зборувате по оваа точка. Треба да се изјасниме па да зборувате.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ве молам претседателе, како им дадовте на сите такво право и мене нема да ме исклучите од тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие сакате како малцинство да го малтретирате целиот овој собир.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Вие сега сакате ли да кажете дека може мене да ме малтретирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еден си кажа, друг си кажа, и ќе гласаме.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**:

Вие ме прескокнувате во овој момент. Вие рековте дека пред мене двајца господини се на ред и вие Г-дине Вејсели сте на ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Што е ова опструкција, бидејќи вие по пет пати станувате.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Имаме јасен предлог од страна на пратеничката група на ПДП, која ги почитува сите процедури, која информација денеска е на дневен ред, што е предложена од страна на претседавачот, или претседателот на Собранието на Република Македонија.

Јас гледам дека тука има дилеми кај пратениците. Јас ќе почнам и во кратки црти да ја образложам информацијата за да можам да ги убедам другите

пратеници, да гласаат за тој предлог што е предложен од страна на некој пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам само пет минути да образложувате а не повеќе.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Па затоа, информацијата за текот на локалните избори во 2000 година во Западна Македонија, ПДП уште во првата фаза се соочи со многу проблеми од разновидна природа. Изборната комисија за општина Тетово против законски ја отфрли листата на кандидатите за членови на општина Тетово, со што всушност, ПДП беше оштетена и обесправена. Во многу општини со претежно албанско население претседателите на општинските изборни комисии флагрантно ги кршеа одредбите на Законот за локални избори, при именување на претседатели и заменици претседатели на избирачките одбори. При што, 70% од претседателите на избирачките одбори и нивните заменици беа именувани од редовите на ПДП - НДП односно ДПА. ПДП во предизборната кампања при претставувањето на своите кандидати за градоначалници и советници од страната на државните медиуми печатени електронски на македонски јазик и на албански јазик, беше онеправдана со наводно недоволно претставување на својата политичка платформа и кампања. Впрочем, тоа го потврди и Советот за радио-дифузија на Република Македонија. Само за пример ќе ги наведеме фактите на аналитичкиот центар на ПДП, каде е констатирано дека емисиите на албански јазик при МТВ и дневните весници, јас нема да го спомнам "Флака", тоа е приватна работа, ќе го спомнам само Флака кој се финансира од буџетот на Република Македонија, 70% од нивниот простор беа издвоени за следење на изборната програма на ПДПА-НДП односно на ДПА и нивните кандидати, само 30% имаа простор другите политички партии. Значи, тука влегува ПДП и сите други кои делуваат во Република Македонија. Во текот на кампањата, членови на државни раководства, односно функционери на ПДПА-НДП, сите расположливи државни ресурси ги ставиле во функција на предизборна кампања. Многу често се служеле со закани за исфрлување од работни места, скратување на користење на социјална помош, закани за даноци и други инспекциски контроли.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

господине Вејсели на имаме на дневен ред информацијата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Скоро во сите општини со претежно албанско население ангажирале рекетари, деликвенти и криминалци познати на јавноста и државните органи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Вејсели ја имаме и информацијата.

**БДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Овие општини ги карактеризираат закани, демонстрација на сила, внесување на страв, попречување на регуларното одржување на изборите, попречување на слободно изразување на волјата на граѓаните, масовна кражба на гласови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По втор пат ве предупредувам Г-дине Вејсели. Ве молам исклучете ги микрофоните.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Кршење на гласачки кутии, масовни тепачки, масовна употреба на огнено оружје, и што е најтрагично многу повредени, обиди за убиства-десетина потешко или полесно повредени. За сето ова, постои доказен материјал, изјави од членови на изборните комисии и од избирачките одбори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Вејсели ви помина времето.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Изјави од претставниците на ПДП за набљудување на изборите. Изјави на избирачи, записници од избирачките одбори и друг изборен материјал. Скинати ливчиња, искршени кутии, лекарски уверенија и болнички извештаи.

За сето ова сведочат извештаите на набљудувачките мисии. Мисијата на ОБСЕ предводена од Чарлс Меги, која поднесе извештаи и меѓу другото вели: локалните избори се исполнети во целост, одреден број на стандарди за демократски избори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Вејсели ве молам да не применуваме сила. Тоа ли сакате. Немате повеќе збор од говорница. Доста е веќе. Кажавте што кажавте за пет минути. не можете повеќе да зборувате. Ве молам, јас ја водам седницата и одете си на

место. Ве молам одете си на место.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Пратениците не се како што треба информирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ја имаат информацијата добиено.

(Седницата ја прекинувам и давам петнаесет минути пауза)

(Седницата прекина во 14,30 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот).

Ве молам притиснете на едно од копчињата да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека имаме мнозинство за работа.

Го ставам предлогот на г. Билал Љутфии на усвојување.

Молам да гласаме.

51 пратеник гласаа за, воздржани нема и 13 се против.

Според тоа се прифаќа предлогот на г. пратеник да се симне првата точка од дневниот ред.

Го ставам предлогот на г. Саво Климовски, да се донесе предлог-одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година.

Молам да гласаме.

56 пратеници гласаа за, 3 воздржани и 8 против.

Констатирам дека е прифатен предлогот на пратеникот Саво Климовски, за донесување на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на настаните што се случија на денот на гласањето на локалните избори 2000 година.

Продолжуваме со расправа во врска со дневниот ред.

Дали има уште некои предлози и сугестии во врска со дневниот ред.

За збор се јавува г. Љатиф Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Јас навистина им должам извинување на колегите пратеници што ќе им одземам од времето, но ова што ќе го кажам сега мислам дека заслужува внимание и заслужува да се каже од оваа говорница, иако, веднаш да кажам, јас направив напори, една информација која што сакам да ја побарам од Министерството за образование и физичка култура и која сакам да биде ставена на дневен ред на денешната седница.

Се обидов ова прашање да го разрешам со барање да остварам контакт со министерот за образование и физичка култура г. Гале Галев, а сето тоа во името на 2000 жители од с. Жировница и во името на 360 ученици од Основното училиште во Жировница. Не знам од кои причини повеќе од недела дена моите напори не дадоа резултат. Од Кабинетот на г. Галев не добив никаков одговор за тоа дали сака, има време да поразговара околу ова прашање, па така јас бев приморан на овој начин, преку барање информација да изнајдеме решение за разрешување на еден многу важен проблем. Имено се работи за следното.

Повеќе од еден месец школската учебна 2000/2001 година започна во Основното образование, но во Жировница и до ден денешен се уште не е започната. Така да повеќе од 360 ученици до овој момент се наоѓаат на улица, оставени на милост и немилост, без некои поконкретни информации што таму се случува и зошто децата се уште не почнале со школската година. Колку што се децата загрижени, уште повеќе се загрижени нивните родители.

Барам Министерството за образование да подготви информација поради кои причини наставата во основното училиште во с. Жировница се уште не е отпочната. Барам таа информација да 3 биде разгледана на оваа седница, заради актуелноста и важноста на проблемот.

Инаку да напомнам дека во текот на вчерашниот ден учениците се повикани од в.д. директориум во простории, во училишна зграда која во овој момент се наоѓа во градба односно во истата се изведуваат градежно-занатски работи, во зграда во која нема струја, нема вода, нема греење, нема санитарен чвор, зграда која што и пред 1 септември се наоѓаше во иста таква состојба како што е денес. Родителите од ова село се загрижени. Тие секојдневно одржуваат собири и бараат

од мене ова прашање да го поставам пред министерот за образование. Кажав, за жал, кај министерот не најдов разбирање и до овој момент не добив никаква потврда за можностите да се сретнеме. Затоа мислам дека ова прашање заслужува до толку поголемо внимание што децата во Жировница се обесправени во однос на сите останати деца во РМ.

Инаку да кажам дека родителите се самоорганизираат, најавуваат одредени протести. Но, според она што јас им го сугерирав, намерата е да видиме дали воопшто Парламентот односно претставникот на Владата ќе приготви една таква информација. А морам да кажам дека моето ангажирање беше во убедување дека сепак во овие предизборни активности не е добро и не би требало да се организираат поголеми протести, нагодувања итн.

Барам Министерството да подготви информација зошто до овој момент во с. Жировница 360 ученици не отпочнале со настава, зошто не се обезбедени услови и кога всушност децата ќе почнат да учат во простории кои, колку толку ќе ги задоволуваат основните норми.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љатиф Пајковски за поставеното прашање да се подготви информација.

Ние го имаме министерот како претставник на Владата.

Господине министре, дали се согласувате да се подготви една таква информација, што лично мислам дека треба да се направи.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Да. Таква информација Владата може да достави.

Сопре информациите што јас ги имам веќе се размислува со конкретна интервенција околу овој проблем, така што воопшто не е спорно да се добие таа информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставникот на Владата го прифати тоа.

Бидејќи ние ќе работиме со оглед на обемноста на дневниот ред и во текот на наредната недела, во тој случај ќе инсистираме оваа информација да биде 51 точка на дневниот ред за да можеме да расправаме идната недела, со оглед на итноста на проблемот.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Значи прифатено е да се подготви информација за оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За овие прашања што ги поставивте вие.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Добро, во ред.

Има збор пратеникот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

По предложената точка 47 - Одлука за именување на членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, прво предлагам Комисијата за избори и именување да го повлече овој предлог, или во најмала рака, во меѓувреме додека трае оваа седница, а оваа седница ќе трае повеќе денови, да го преиспитам персоналниот состав што е предложен. Ако не, тогаш од претседателот да се постави на усвојување предлог за симнување од дневниот ред, поради следните причини:

Мислам дека вака предложениот персонален состав, посебно во делот, претставници на осигурениците ја нарушува основната претпоставка и залагање на Законот за здравствено осигурување, за кој што овој Парламент со претходни напори на Комисијата за здравство обезбеди консензус на сите парламентарни групи. На ваков начин предложен персонален состав од осигурениците, јас го поставувам прашањето, а ќе го постават прашањето и осигурениците, на чии предлог е предложен тука овој предлог, кој ги предложи, со оглед на тоа што, не сакам да ги именувам, доминираат имиња на пратеници, лидери на партии, директори на Медицински центри. Никаде го нема членот 5 кој што кажува кои го чинат мнозинството на осигурениците од членот 5 на Законот за осигурување. Понатаму во вториот дел - претставници од работодавците.

Ние имаме една конфузија, за два дена да има три предлога. Тоа значи во комисијата нема консензус, а ќе

кажам дека претставниците на парламентарната група на СДСМ по оваа точка одбиле да учествуваат и да предлагаат по партиски клуч членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување. Така да се случи во отсуство на претставниците на парламентарната група на СДСМ, местото кое било предвидено за претставник, по предлог на СДСМ, да биде пополнето со директорот на Медицинскиот центар - Тетово.

Сметам дека тоа и други несогласувања и нелогичности кои ја нарушуваат основната интонација на Законот за осигурување, дава доста повод оваа точка Комисијата или да ја повлече, или пак Собранието да се изјасни за нејзино симнување до повторниот предлог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Стојан Ковачевски.

Го молам претседателот на Комисијата да се произнесе бидејќи директно беше повикан да се произнесе по оваа точка од дневниот ред.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници,

Комисијата работеше според Законот за здравствено осигурување. Комисијата работеше според досегашната пракса на партиципација на пратеничките групи при предлагање на членови на одредени институции и тела кои се во надлежност на Собранието. Собранието го доби предлогот од Комисијата и на потег, би рекол се пратениците според својата совест, својата наклонетост да го дадат гласот за предлогот на Комисијата. Друго нема што да кажам. Дефиницијата на осигуреници, дефиницијата на работодавци е дадена во Законот за здравствено осигурување. Во ова тело Управен одбор на Фондот за здравствено осигурување партиципираат претставници на Лекарската комора, на Фармацевтската комора, на Стоматолошката комора, партиципираат претставници од Министерството за здравство, од Министерството за финансии. Тоа се законски дадени обврски за кои моравме да се држиме, т.е. фиксни места кои се обезбедени за овие институции. Така да не гледам дека сме отстапиле од законот, не гледам дека сме отстапиле од досегашната практика на предлагање на членови до овој Парламент, за одредени тела.

Воопшто не се согласувам со дискусијата на колегата Ковачевски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г. Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас го оспорив оној дел на претставници на осигурениците кои чинат 6-мина од вкупно 13.

Во ред е она што претседателот на Комисијата објасни за Коморите и министерствата. Меѓутоа, за претставниците на осигурениците треба да се преиспита составот.

Исто така сакам одговор на прашањето кој ги определи претставниците на работодавачите. Дали се консултирани некои асоцијации. На пример Стопанска комора. Или зошто не се практикува во ова Собрание, иако не е надлежност на Комисијата за здравство, таа комисија која што на овој закон работеше заедно со министерот, со претставниците на синдикатот за здравство, со Коморите, со пензионерите.

Сега Комисијата за избори и именување доста тврдоглаво ја руши основната определба на Фондот кој за прв пат станува самостоен.

Го молам претседателот да ја преиспитаат оваа одлука и ги повикувам пратениците на Собранието да ја отповикаат оваа точка од дневниот ред, точката 47.

Мислам дека Комисијата го узурпира правото на осигурениците и тоа ќе има голем револт кај осигурениците. Мислам дека ова е на препад. Овој предлог ние го добивме вчера, на половината од седницата, а денес, како доказ дека нешто не е во ред, добивме измена на вчерашниот предлог во кој, велам, Комисијата работела во непотполн состав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали претседателот на Комисијата има коментар на ова кажување?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине претседателе, јас пред малку реков дека во групацијата на осигурениците спаѓаат сите оние луѓе кои имаат здравствени книшки и кои се

осигуреници во здравството. Така да и категоријата пратеник е осигуреник. Не држи дискусијата на г.Ковачевски дека пратениците не се осигуреници. И тие се осигуреници во здравството.

Што се однесува до методологијата на утврдување на партиципацијата, на предлагање на кандидатите за членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, таа методологија е утврдена од почетокот на функционирањето на овој Парламент и од почетокот на функционирањето на Комисијата за избори и именувања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Комисијата за избори и именување г. Чедомир Краљевски.

Право на уште една реплика има повторно г. Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Да не бидам криво разбран. Не го оспорувам правото пратеник да биде член на Управниот одбор за здравствено осигурување. Меѓутоа, ако тој биде предложен од некоја асоцијација на осигурениците, малку и надвор од овој Парламент некоја асоцијација и надвор од Комисијата за избори и именување. Мислам дека премногу е агресивно ако ние овде го примениме методот како за Управен одбор на секоја здравствена организација. Овде се работи за Републички фонд за здравствено осигурување, Фонд кој треба да биде самостоен каде што осигурениците внесуваат свои средства за заштита на своето здравје. Мислам дека не би требало така на брзина да се составува листа која во два дена три пати се менува.

Јас намерно не сакам да споменувам имиња од овој прелог, но ќе кажам дека, најпосле во овој денешен предлог што го добивме, се предлага претставник од работодавачите, директорот на Бирото за неразвиени подрачја. Директорот не може да биде работодавач. Бирото за неразвиени е државна институција. Не е тоа работодавач. Мислам дека ќе произлезат некои спорови непожелни, ако вака на брзина ние го ставиме на дневен ред и го усвоиме предлогот вака. Ништо не ја чини Комисијата да го преиспита својот предлог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Стојан Ковачевски.

Останува Комисијата, додека расправаме да види дали ќе го преиспита, или не, како ваша сугестија. Слушна Комисијата, слушна претседателот што е кажано, па ќе видиме што ќе ни предложат во конечна верзија.

Во врска со дневниот ред за збор се јавува г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе,

Предлагам, во име на пратеничката група на ЛП да бидат внесени уште две точки во дневниот ред.

Прво Владата да поднесе информација за случајот Фазли Велиу.

Всушност дојде до едно сериозно вознемирување. Медиумите изнесоа факти со кои се потврдува дека г. Фазли Велиу е осомничен за инспирирање, организирање, поттикнување и не знам што, на бомбашки напади во повеќе места во Македонија, и дека од македонските власти е баран преку Интерпол.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Меѓутоа, кога се случило да биде достапен на властите на некоја од државите, мислам дека Германија беше тоа, и кога тие информирале овде дека треба да се бара екстрадиција и да дојдат документите од нашите органи, минал рокот од 45 дена. Тука има различни информации кој кога пратил и како пратил. Бидејќи во надлежноста на Собранието е и парламентарната контрола што тоа треба да ја извршува врз работата на извршните органи, а бидејќи овде се работи за човек осомничен за криминал кој е многу опасен за државата и граѓаните - јас не велам дека е виновен, судот ќе покаже, меѓутоа, во овој случај има индиции дека државните органи не ги спроведуваат законите така како што треба и затоа не е доволна ваква или таква изјава на еден или друг министер или соопштение, туку целиот случај добро да се обработи во информација и да се презентира пред Собранието, за да не излезе дека вака крупни работи од безбедноста на државата и граѓаните едноставно се

преоѓа преку нив. Одговорност во државата ако не постои кај државните органи немаме држава, да се разбереме.

Затоа предлагам овде на дневен ред да дојде информација за тоа.

Второ, во кусо време имаше три четири изјави врзани за текот и проблемите околу приватизацијата на фирмите во Македонија. Еднаш беше дадена изјава дека ќе се вратиме назад и ќе правиме ревизија на приватизација, потоа од други извори на Владата беше речено не, нема да се прави ревизија туку ќе ја довршиме приватизацијата. Потоа се дадоа изјави дека ќе правиме контрола таму каде што има криминал, како да некој не амнестирал да не правиме контрола каде што има криминал секаде, не само во тие фирми, во сите фирми тоа треба да се прави. Така, има збрка околу оваа работа, се даваат изјави на конференции за новинарите, меѓутоа, сакам да Ви кажам следното. Од една мала анкета , разговор со некои раководители на повеќе фирми, околу 15 фирми, кои на некој начин се спомнувани во оваа состојба, за состојби за кои имаат намера да ги прават , се оценува дека само во тие фирми преговорите што се водат за можна до капитализација предвидуваат износ за вложување странски капитал во Македонија околу 300 милиони марки. Ние ќе се искршиме молејќи и убедувајќи разни институции во светот за да дадат десетина, 30, 40 милиони марки, а овде каде што навистина може да почне процес на инвестирање, процес на развој,проширување на капацитетите и нивно активирање, ние создаваме една конфузија како овде да не постои закон или нешто може и надвор од законот и вака и така. Затоа е потребна една информација со заклучоци кои ќе ги потврди парламентот овде, да се знае дека во Македонија ќе се работи и во областа на приватизацијата само во согласност со законите кои постојат во државата, а тие им се достапни и на странските инвеститори, ги имаат проучено и врз основ ана нив отпочнале преговори. Но со ваквата збрка која се направи се јави колебање кај луѓето, а некои можеби и ќе се повлечат. Затоа, мислам дека е потребна и една ваква информација и да се знае каков е вистинското став на Владата и што одобрува Собранието, а каде се забелешките на Собранието.

Ова се двата предлога кои барам да бидат утврдени на дневниот ред на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојан Андов.

Го молам потпретседателот на Владата г-дин Бедредин Ибраими да се произнесе во врска со барањето да се подготви информација која би се разгледала на оваа седница во врска со случајот на Фазли Велиу.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно дека пратеникот преку средствата за јавно информирање ја слушнал информацијата за случајот Фазли Велиу. Мислам дека тоа треба да се третира како пратеничко прашање за кое ќе добие информација. Секоја изготвена информација и разгледувана овде во парламентот може да прудицира одредени работи и да има одредени влијанија врз судските органи ако соодветното лице биде обвинето за сторено кривично дело. Пратениците тоа добро го знаат и се додека не се докаже вината никој не може да се смета за виновен. Затоа мислам дека ова треба да биде како пратеничко прашање и информација за г-динот пратеник за случајот Фазли Велиу. мислам дека ќе се согласи и тој околу тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Има збор г-динот Стојан Андов во врска со одговорот на претставникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го формулирав тоа како информација за случајот Фазли Велиу, бидејќи така е познато во јавноста. Она што јас сакам овде да дојде како информација не е дали г-динот Фазли Велиу е виновен или не, тоа не ме интересира, има кој да го утврди. Мене ме интересираат дејанијата и активностите на нашите државни органи кои имаат законски обврски и очигледно не си ги извршиле. Затоа е потребно овде не мене да ми се одговори на прашањето, туку парламентот да констатира, или навистина во овој случај се извршени обврските од страна на органите и ги извршиле законите или има отстапување и не се извршени и треба да си понесе одговорност за таа работа. Тоа не е прашање на пратеник, туку тоа е информација која треба овде

парламентот да ја расправа,а не дали тој е виновен за тоа или не. Тоа не сум го барал. Тоа во друга постапка се утврдува.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Го молам претставникот на Владата за коментар.

**БЕДРАДИН ИБРАИМИ:**

Како и да е , поставеното прашање го сметаме како пратеничко прашање и Владата ќе изготви информација за пратеникот кој го покрена ова прашање. Секоја друга расправа, барем така мислам од правен аспект, веројатно ќе отвори друга расправа, така што директно би имало влијание врз органите кои треба да одлучат дали соодветното лице е сторител на кривично дело, дали е виновно или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во една ваква ситуација кога имаме различни ставови меѓу барањата на пратеникот или пратениците и ставот на Владата, бидејќи се работи за карактерот на информацијата, Ве молам треба да го ставиме на гласање предлогот.

Г-динот Стојан Андов сака коментар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се согласувам да изготват информација и нека ми ја достават, па тогаш ќе одлучам , ако е таква содржината како што вели министерот е друга работа, но ако нема такви елементи тогаш ќе предложам и тогаш нека одлучува Собранието дали да биде на седница или да не биде. Сега го прифаќам предлогот на г-динот Бедредин Ибраими, да ми изготват информација за мене.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи тоа е прифатено.

Има уште едно прашање во врска со процесот на приватизација во Република Македонија и отворените прашања што произлегуваат од тоа.

Има збор претставникот на Владата г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека на сите пратеници и на целата јавност е познато дека приватизацијата е направена врз основа на Законот за приватизација и се додека не се измени тој Закон не може да има ревизија на приватизацијата.

Што се однесува до одредени контроли за финансиското и материјалното работење на одредени стопански субјекти, тоа е нормална активност на надлежните органи во државата да си ја вршат таа работа, таа контрола. Нормално, ако случајно утврдат дека приватизацијата е направена спротивно на законските решенија на актуелниот Закон, може да се покрене одредена постапка. За овие контроли не смее да се смета дека се врши ревизија на веќе направената приватизација во стопанските субјекти во Република Македонија и мислам дека не заслужуваат да се изготви било каква информација и по тоа да се расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам г-дине Андов дали имате коментар во врска со кажаното од претставникот на Владата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал стои дека Агенцијата редовно го информира Собранието, а и предлага годишни програми за постапка со средствата што ги добива со приватизација. Многу посилни обврски има и Владата во однос на Собранието во врска со спроведувањето на Законот за приватизација отколку ова јас што го предлагам. Јас предлагам само на Владата да и олесни. Со една информација овде може да ги пресече скоро сите сомневања кај странските партнери. Ова не е за нашата јавност. Нашата јавност изјавите ќе ги прифати и така и вака, меѓутоа, ако дојде службена информација до Парламентот, Собранието ја усвои таа информација и ако таа даде стабилност на ставот на државата по тоа прашање, ќе си продолжат нормално сите тие контакти кои се во тек, некаде и ќе се унапредат. Тоа е мојата намера, не се работи за друга намера. Затоа предлагам овде да дојде на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Г-дине претседателе, јас мислам дека приватизација на општествениот капитал беше, нормално, согласно позитивни прописи. Сега како го постави прашањето пратеникот Стојан Андов испаѓа дека бара сосема друга информација и ние можеме како Влада да доставиме таква информација, колку фирми се приватизирани, колкав процент, уште колку фирми остануваат

неприватизирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И до кој временски период и т.н.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Апсолутно, таква информација прифаќаме Владата да подготви.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата е подготвена да изготви информација во која ќе ги опфати овие неколку елементи што ги искажа потпретседателот, а тоа е до каде е стигнат процесот на приватизација и што ќе се направи тој да е доврши. Во таа смисла дали сте задоволни со една таква информација, веројатно не за оваа седница, Владата сигурно ќе расправа на седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова што претседателот на Парламентот го наведува како обврска на Владата јас го прифаќам. Притоа нека се настојува таа информација да има карактер на цврстина на ставот на државата. Државата по тоа клучно прашање мора да има став според кој ќе се раководат и странците и сите други, и финансиските институции во светот. Тоа е основното.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добронамерноста на прашањето е многу јасна. Значи прифатено е и ќе се подготви една таква информација.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

За наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

Г-дине Ковачевски, Вие имате реплика? Да не имате дополнително прашање? Во врска со претходното барате збор?

Има збор г-динот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, изгледа вториот дел на мојата интервенција, на мојот предлог не го слушнавте од проста причина што некој од пратениците ви посмета. Тоа често се случува некој на пултот да доаѓа кога се води расправа во Собранието. Јас прво предложив Комисијата да ја повлече Предлог одлуката за именување членови на Управниот одбор. Ако тоа не се случи, може да се погледаат стенографските белешки, јас предложив Собранието да се изјасни со гласање за симнување на точката од дневниот ред. Ве молам тоа да го завршите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро.

Го ставам на гласање предлогот на пратеникот Стојан Ковачевски; точката предложена од Комисијата за избори и именување во врска со членовите на Управниот одбор на Фондот за социјално осигурување да се симне од дневниот ред.

(Пратеникот Љубомир Поповски бара збор)

Во врска со тоа? Има само еден пратеник... Вие имате можност со гласањето како ќе гласате, не може да се произнесувате , и пратеник ако постави ќе гласаме. Ве молам, да не водиме расправа зашто еден пратеник поставува прашање и по тоа прашање ние се произнесуваме дали ќе поставиме на дневен ред или не. Сега не можеме да водиме расправа.

Го ставам на гласање прашањето на пратеникот Стојан Ковачевски.

Ве молам да гласаме?

(По гласањето)

25 пратеници гласаа за, 7 се воздржани и 42 се против.

Констатирам дека не е прифатено барањето на пратеникот Стојан Ковачевски.

Г-динот Александар Гештаковски побара збор, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, при утврдување на дневниот ред на 53-та седница имав доставено писмено барање согласно Деловникот и се она што е потребно за дополнување на дневниот ред на 53-та седница, со барање информација во врска со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија за времено стопирање на Законот аз остварување на предвремено пензионирање. Потпретседателот на Владата на Република Македонија г-динот Бедредин Ибраими по одредени консултации и размислувања се согласи за наредната седница да биде изготвена информација и да биде ставена на дневен ред. Тоа не го гледам и не знам што е понатаму судбината, бидејќи ни информацијата е дадена и која е одговорноста на Собранието и Владата во таквите случаи, кога и Законот за Влада

и Законот за државни службеници и Законот за органите ги донесовме. Тоа би требало да го регулираме , бидејќи иако е регулирано во делот на односите Собрание - Влада, но треба да го доразвиваме и обврските да ги остваруваат.

Што се случи во меѓувреме? Во меѓувреме Уставниот суд донесе Одлука за поништување на Законот за предвремено пензионирање и ако би се гледало од одреден аспект, нема никаква потреба, би се рекло дека таа информација е беспредметна и нема потреба од расправање. Не би мислел така, и понатаму инсистирам, доколку таа информација Владата ја изготвила, доколку има можност да се дополни дневниот ред на оваа седница со таа информација и со информација за мерките и активностите кои ги презема Владата во делот на поништувачката одлука на Уставниот суд. Таа информација , колку што сме информирани од средствата за јавно информирање, Владата ја разгледа и предложи одредени заклучоци до Собранието. Кои се причините, што сметам дека не треба да се отфрлаат така и неблаговремно да се разгледуваат.

Г-дине претседателе, овој Парламент покрај својата законодавна дејност има и една друга многу важна дејност, да врши контрола и надзор над работата на органите на државната власт. Ако таа функција не ја остварува беспредметни се сите други активности. Како што истакна и претходниот дискутант г-динот Стојан Андов, доколку немаат одговорност државните органи, ние немаме ни држава.

Што сакав да кажам за конкретниот случај ? За конкретниот случај сакам да кажам дека во ниедна држава не може да биде дозволено и да остане без расправа, она што го барав и без политичка одговорност на носители на функции кога Одлука на Уставен суд која е благовремено доставена до одреден орган, тоа е "Службен весник на Република Македонија" да не биде објавена во рок од еден месец. Многу е јасна работата и чиста , одговорноста е или во "Службен весник на Република Македонија", во директорот или некој кој му рекол.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Многу проста и јасна што се случи во тој период. Се случија многу работи. Се случи многу нешто посебно во одредени области. Сега гледаме преку средствата за јавно информирање самите претставници на опозицијата велат дека не само што е настанат хаос, туку е настанат тотален хаос. Сведоци сме дека во училиштата, средните или основните има битка за дневниците кој да ги земе. Кој да влезе? Се сеќавате дека укажувавме дека на први септември дека тоа ќе се случи. Што е по опасно? Поопасно е ако не расправаме и ако преминуваме преку тие надлежности на државната власт во согласност со гледањата и расправиите во Собранието. Мислам дека врз основа на таквите пропуштања од овој Парламент, неостварувајќи ги темелните вредности за владеењето на правото доаѓаме во овие ситуации во кои два дена расправаме, во кои се случуваат немили сцени во кабинетот на претседателот на ова Собрание и таканаречено воведуваме во Република Македонија каубојска демократија. Да, тоа е точно во тој дел.

И, попуштање на надлежностите во овој Парламент, или благовремено реагирање мислам дека нема да ни помогнат ни 10 0 анкетни комисии и за секое прашање да ги информирање, иако е уставна категорија. Знаете, ако не си ја вршат работата органите на државната управа, а ние не вршиме контрола нема никаква логика во однос на формирање на таа комисија. Народот рекол ако сакаш да не ја завршиш работата формирај комисија. Тоа е едниот елемент кој сметам дека оваа информација,

мора да се утврди од неа таа одговорност кој во Република Македонија наредил да не се објави Одлуката на Уставниот суд. Ќе настане правен хаос доколку секој си зема право одлуките на Уставниот суд на Република Македонија да не ги објавува во Службен весник или да ги објавува после месец дена. Тоа е едниот елемент на кој сакам да укажам.

Вториот момент е тоа што овој Парламент сметам дека не може да премине преку одредени изнесени мислења, ставови кои во име на Владата ги изнесуваа одредени министри пред се према одлуките на Уставниот суд. Јасно е дека одлуките на Уставниот суд не се коментираат, тие се извршуваат и спроведуваат.

Можам да сфатам кога потпаролот на Владата ги коментира давајќи им

политички интонации и тежини. Можеби е тој млад човек, можеби добро не ги разбира работите, но ова Собрание мислам дека треба да искаже став кога министер за правда на Република Македонија по однос на одлуки на Уставен суд би се обидел, да интерпретирам или да цитирам вели: "Одлуката на Уставниот суд за Законот за предвремено пензионирање ме тера да се сомневам освен правните аспекти тука има и политички мотиви". Мислам дека тоа се тешки квалификации за министер на правда кој е задолжен за Уставниот суд на својата држава. Или понатаму продолжува, па вели: "доколку не успеат реформите во Република Македонија одговорноста за неспроведување или не се склучи аранжманот со Светската банка одговорност сноси Уставниот суд". Мислам дека не смееме да преминеме преку таквите елементи.

И другиот многу важен елемент, она за што зборував во првиот дел, тоа е што во таа информација барав да видам кој е бројот на тие предвремено пензионирани, кој е бројот на нововработени. Министерот, односно потпретседателот се обиде да укаже, но ни овој Парламент не е против стратегијата за реформи во јавната администрација да се примени мерката предвремено пензионирање. И тогаш укажувавме, но тоа мораме да го вршиме во функција на рационализација, во функција на отпуштање. Што се случи? Укажувавме и тогаш, во образованието имаме ваква состојба. Бројот на отпуштени согласно тој закон и бројот излезе на виделина, некои работи не можат да се кријат. Владата сметаше дека законот го предлагаше за предвремено пензионирање заради рационационализација, но биле во право оние кои укажуваа дека било нешто друго посреди, за ново примање.

Во таа информација која ја барам сакам да биде дополнето, или многу лесно може да се каже со информацијата која Владата ја даде на вчерашната седница. Владата е должна по одлуката на Уставниот суд за новонастанатата состојба за поништување да преземе мерки и се е во ред. Мислам дека треба да се поддржат напорите на Владата, кои остануваат и понатаму за реформи во државната администрација да ги усогласи одлуките за предвремено пензионирање, кои и понатаму остануваат во тој дел во стратегијата согласно Уставот. Значи, Владата во основа е во право кога презема мерки за измена на Законот за пензиско инвалидско осигурување и Законот за работни односи, да најде законска мерка да го регулира тој дел и за настанатите последици да најде одредено решение. Односно, добро е да се најде решение за оние граѓани кои имаат желба да одат во пензија, да останат во пензија, а кои од нив немаат желба да се вратат и да продолжат со своето работење, но Владата треба да преземе мерки. Мислам дека во понатамошниот дел на таа информација ќе можеме да се запознаеме, за што се запознавме од средствата за јавно информирање и заклучоците кои се предвидени одат во една сосема друга насока. Владата ги тера оние луѓе кои беа предвремено отпуштени согласно тој закон да поднесуваат барања или да останат на работа или да одат во пензија. Господине претседателе вие добро знаете, знаат и другите се воспоставува поранешната претходна состојба и тука нема никакви дилеми, но Владата, тука е и потпретседателот и министерот за труд и социјална политика, мислам дека не е добро врз основа на мерките и заклучоците кои ги предлага, сметам дека се води од политика Уставниот суд го поништува законот Владата нема да врати на работа ниеден работник. Такви мерки и заклучоци мислам дека предлага. Од што произлегува тоа мое мислење и затоа ја барам таа информација и по тие заклучоци да расправаме и да дадеме насоки и да го решиме проблемот и на општо задоволство на сите граѓани кои претрпеа соодветни малтретирања врз основа на својот работен однос. Тоа произлегува од неколку заклучоци што Владата во основа ги предлага.

Прво, не може никој да поднесува барање.

Второ, Владата го задолжува секое министерство до 15 август да изготви систематизација а Владата да ја изготви уредбата за државните чиновници, додека Агенцијата за државни службеници да даде согласност на систематизациите. Сметам дека со таквото темпо, таквата динамика Владата на секој вработен кој ќе поднесе барање да се врати на работа, претпоставениот старешина ќе му се обрати со зборовите - да ти ќе се вратиш, но ние работиме систематизација во која систематизација или ќе биде укинато работното место или

ќе го намалиме бројот на извршители од три на два, па потоа Законот за државни чиновници нема да бидеш распореден и во рок од три месеци оној кој не е распореден ќе остане на улица и ќе биде технолошки вишок. Што му останува на работникот? Ќе рече подобро да си се вратам во пензија отколку да ги користам овие права. Тоа е фактичката состојба врз основа на која советниците на Владата им советуваа да се дезавуира одлуката на Уставниот суд. Таа е тенденцијата. Затоа барам дополнување на информација, да расправаме, да го поддржиме она што е добро, што мислам дека е добро со измена на системските закони да се најде решение оние кои остварија предвремена пензија да продолжат да ја примаат, тоа е со Законот за работни односи и со Законот за пензиско осигурување, а другите мерки да ги воспоставиме согласно стратегијата за државната администрација.

Оваа информација доколку не би можело да се достави за оваа седница потпретседателот на Владата овие прашања и оваа информација да ги достави да ги разгледуваме барем на наредната седница, пред да влезат овие измени и овие дополнувања на овие закони во Парламент.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Александар Гештаковски.

Јас мислам дека потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими ќе се изјасни поконкретно.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ако господинот пратеник смета дека оваа работа, овој проект околу предвременото пензионирање не е јасен, ние прифаќаме да ја изготвиме таа информација, но овде се дадоа одредени квалификации во врска со примената, во врска со одлуката на Уставниот суд. Јас морам да кажам дека никој не ја коментирал одлуката на Уставниот суд. Инаку, таа можела да биде не поништувачка, туку укинувачка за да и судот придонесе како субјект на оваа држава да се направат одредени чекори во реформата на јавната администрација. Меѓутоа за жал таа одлука е поништувачка и ги знаеме кои се последиците. Сега според таа одлука Владата ги превзема сите мерки за враќање на поранешната состојба, како што се изнесени и пратеникот.

Се изготвуваат и нови решенија. Нормално ќе настојуваме да бидат по вкусот на Уставот и на Уставниот суд, ние реформата мора да ја спроведеме во државната администрација. За жал сега ќе треба да поминеме на технолошки вишок, ќе треба да поминеме на донесување на нови систематизации во сите органи во Управата и нормално законските решенија кои се усвојуваат од овој Парламент така ќе бидат разрешувани и проблемите, односно прекубројното вработување од државната администрација и јавниот сектор во целина. Ако пратеникот смета дека тоа е се уште актуелно ние сме согласни да ја подготвиме таа информација за наредната седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на потпретседателот на Владата, господинот Бедредин Ибраими.

Дали се согласувате господине пратеник?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да се согласувам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Има збор господинот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

На денешната седница на Собранието на Република Македонија сакам да предложам формираше на анкетна комисија за испитување на приватизацијата во четири очи направена од оваа Влада и да се проанализираат сите фирми кои се приватизирани во четири очи од 19 98 година досега во делување или премиерство на господинот Љубчо Георгиевски.

Ова го чинам од причини што вчера беше приведен на информативен разговор во полиција господинот Борис Стојменов, претседател на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција да се изврши притисок врз него да се повлече белата книга која ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција ја спрема за овие злоупотреби на власта на Република Македонија на чело со господинот Љубчо Георгиевски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Миланчо Черкезов.

Вие имате право да предложите формирање на анкетна комисија за таа цел.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам пратениците да се произнесат за предлогот на господинот Черкезов.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеника, од кои 28 за, 6 воздржани и 4 против.

Значи, предлогот на господинот пратеник Черкезов не се прифаќа.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Барам поддршка од 10 пратеника за поединечно изјаснување, (Пратениците креваат рака).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, поминуваме на поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| 1. Јонуз Абдулаи | отсутен |
| 2. Абдурахман Алити | за |
| 3. Абдула Алиу | отсутен |
| 4. Милојко Ангеловски | за |
| 5. Стојан Андов | воздржан |
| 6. Кирил Андоновски | отсутен |
| 7. Љупчо Анушев | отсутен |
| 8. Амди Бајрам | отсутен |
| 9. Фадил Бајрами | отсутен |
| 10. Димитар Баткоски | против |
| 11. Мерсел Биљали | за |
| 12.Валентина Божиновска | отсутна |
| 13. Јордан Бошков | отсутен |
| 14. Димитар Бузлевски | за |
| 15. Абдулади Вејсели | отсутен |
| 16. Слободан Гарчески | против |
| 17. Васил Гаџовски | отсутен |
| 18. Михајло Георгиевски | отсутен |
| 19. Трајко Гешоски | отсутен |
| 20.Александар Гештаковски | за |
| 21. Данило Глигороски | отсутен |
| 22. Петар Гошев | за |
| 23. Слободан Даневски | против |
| 24. Замир Дика | отсутен |
| 25. Ванчо Ѓоргиев | отсутен |
| 26. Илија Ѓоргиев | отсутен |
| 27. Фатмир Етеми | против |
| 28. Васил Ефтимов | против |
| 29. Насер Зибери | за |
| 30. Љубисав Иванов - Ѕинго | за |
| 31. Мирко Иванов | за |
| 32. Илија Илоски | отсутен |
| 33. Делче Ицков | против |
| 34. НиколаЈованов | воздржан |
| 35. Весна Јовановска | против |
| 36. Марика Јорданова | против |
| 37. Назми Кадриу | против |
| 38. Радомир Карангелески | отсутен |
| 39. Жарко Караџоски | против |
| 40. Митко Киров | отсутен |
| 41. Лазар Китаноски | отсутен |
| 42. Саво Климовски | отсутен |
| 43. Стојан Ковачески | за |
| 44. Ѓорѓи Котевски | против |
| 45. Чедомир Краљевски | против |
| 46. Илија Лазаров | против |
| 47. Горанчо Лазов | против |
| 48. Алириза Лога | против |
| 49. Билал Лутфии | отсутен |
| 50. Васе Манчев | отсутен |
| 51.Наталија Марковиќ- Димова | отсутна |
| 52. Ѓулистана Марковска | против |
| 53. Диспина Марковска | против |
| 54. Звонко Мирчески | за |
| 55. Драган Митевски | отсутен |
| 56. Илинка Митрева | отсутна |
| 57. Кирил Настески | за |
| 58. Рубенс Наумовски | против |
| 59. Горан Невеновски | против |
| 60. Латиф Пајкоски | воздржан |
| 61. Александар Пандов | против |
| 62. Ванчо Панчев | воздржан |
| 63. Илија Пемов | против |
| 64. Тито Петковски | за |
| 65. Чедо Петров | отсутен |
| 66. Томислав Петровски | отсутен |
| 67. Филип Петровски | отсутен |
| 68. Азис Положани | отсутен |
| 69. Стојан ПОПОВ | отсутен |
| 70. Љубомир Поповски | за |
| 71. Никола Поповски | за |
| 72. Илија Прангоски | отсутен |
| 73. Исмет Рамадани | за |
| 74. Љупче Ристески | против |

| | | |
|---|---|---|
| 75. | Ненад Ристовски | за |
| 76. | Нано Ружин | отсутен |
| 77. | Илјаз Сабриу | отсутен |
| 78. | Аце Сајкоски | против |
| 79. | Аслан Селмани | отсутен |
| 80. | Борче Сибиновски | против |
| 81. | Вангел Симев | за |
| 82. | Ристо Спанаков | воздржан |
| 83. | Крале Спанчевски | против |
| 84. | Ѓорѓи Спасов | отсутен |
| 85. | Милан Ставрев | отсутен |
| 86. | Наќе Стојановски | за |
| 87. | Томислав Стојановски | против |
| 88. | Воислав Стојаноски | против |
| 89. | Благој Стојковски | за |
| 90. | Златко Стојменов | за |
| 91. | Владо Сугаревски | против |
| 92. | Оломан Сулејмани | за |
| 93. | Ризван Сулејмани | за |
| 94. | Мухамед Таири | отсутен |
| 95. | Александар Талевски | против |
| 96. | Мевљан Тахири | отсутен |
| 97. | Митко Тилевски | против |
| 98. | Ѓорѓи Тодоров | за |
| 99. | Ристо Тодоров | за |
| 100. | Павле Тодоровски | против |
| 101. | Панде Томов | против |
| 102. | Коце Трајаноски | отсутен |
| 103. | Горанчо Трајков | против |
| 104. | Танас Трајковски | отсутен |
| 105. | Александар Трпевски | против |
| 106. | Борислав Трповски | за |
| 107. | Слободан Ќосев | против |
| 108. | Илија Филиповски | за |
| 109. | Александар Флоровски | против |
| 110. | Илјаз Халими | против |
| 111. | Благој Ханџиски | за |
| 112. | Сејфедин Харуни | за |
| 113. | Кастриот Хаџиреџа | отсутен |
| 114. | Бранко Црвенковски | отсутен |
| 115. | Миланчо Черкезов | за |
| 116. | Ванчо Чифлиганец | за |
| 117. | Арбен Џафери | отсутен |
| 118. | Хисни Шаќири | против |
| 119. | Алија Шахиќ | против |
| 120. | Радмила Шеќеринска | отсутна |

За Танас Трајковски, е запишано против, но тој е отсутен.

Исто така и Михајло Георгиевски е против.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно гласаа 77 пратеници.

31 пратеник гласаа за.

40 пратеници гласаа против.

6 пратеници се воздржаа од гласање.

Значи предлогот не помина.

За збор сега се јави господинот пратеник Мирчевски Звонко.

Се извинувам грешка е, за збор се јави пратеникот Горѓи Тодоров.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, господа претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници. Дневниот ред предлагам да се дополни со точка Формирање на анкетна комисија на имотот на Партизата ВМРО-ДПМНЕ заедно со партиските претпријатија стекнати во последните две години. На пример како што имаме денеска изградба на хотел во центарот на градот Скопје во сопственост на премиерот Љубчо Георгиевски. Бидејќи имаме појава за злоупотреба на Законот и Уставот во името на Партијата се легализира криминалот низ формата на собирање на рекет и од валкани пари се прават партиски претпријатија. За таа цел барам точката да се стави на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Горѓи Тодоров.

Вашиот предлог го ставам на гласање. Ги молам пратениците да гласаат.

Вкупно гласаа 72 пратеници. 28 пратеници гласаа за. 40 пратеници гласаа против. 4 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предлогот за формираше на анкетна комисија не помина.

За збор се јави господинот пратеник Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, предлага дневниот ред на 56-та седнца да се дополни со Информација од Министерството за

финансии која ќе ни даде податоци за бројот на фирмите, во кои господинот Саво Климовски е како консултант во приватизацијата, воено и со висината на средствата земени за тоа како надокнадат. Сега ќе ја образложам потребата и итноста на овој предлог. Бидејќи овие денови се прави ревизија на приватизација во многу фирми, во кои што истиот веќе бил консултант и ние мислиме дека тоа е облик на притисок врз....

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да ве замолам да се ислушаме, затоа што многу тешко овде се слуша.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

...Врз спикерот на Собранието, поради што тој, можеби подлегна вчера и го прекрши деловникот и не даде ние од Партијата на Вистинската Македонска Реформска Опција, да го образложиме нашиот предлог за поставување точка на дневен ред, со што грубо го прекрши деловникот. А, сме на мнение дека можеби за тоа бил под притисок на овие дејанија на власта.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ристовски Ненад.

Збор има господинот потпретседател на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно се работи за млада партија, која нормално се занимава со сосема споредни работи. Во оваа земја постојат органи, постојат институции, постојат разни комисии, кои се формираат во рамките на овие органи. Тие согласно законските овластувања имаат право да ангажираат разни консултанти, стручњаци од надвор. Мислам дека е многу неумесно од страна на господинот пратеник што бара и прозива во кои фирми и колку е консултиран господинот претседател во случајот Саво Климовски. Не чувствуваме за потребно да изготвиме таква информација, бидејќи тоа е исклучиво работа на органи, на фирми, на комисии, кои мислат да ангажираат стручњаци надвор од тие фирми за консултанти и одредени совети во однос на областа на правото, економијата, финансиите и други прашања.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими Дали сте задоволни господине пратеник Ненад Ристовски?

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Не сме задоволни, бидејќи ние не баравме политичка оценка од господинот потпретседател на Владата, туку ние баравме информација и н гледам потреба тој да се вметнува во само една инфромација, тука да вметнува политика. Дали е можно тие да ни дадат таква информација или не. Само тоа бараме.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во духот на искажаното на едниот од пратениците, сега независен, јас незнам како може пратеник да стане член на една партија, која не учествувала на парламентарните избори, но во Македонија изгледа се е можно, во рамките на тоа што го искажа дека ќе бидат конструктивна опозиција, јас би го советувал колегијално тоа да го побара од господинот Саво Климовски, тој да му каже во колку фирми е тој консултант во врска со одредени приватизации.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ.**

Мислам дека одговорот е јасен.

Сега за збор се јави господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, со оглед на тоа што додека траеа консултациите на Пратеничката група во врска со прекинувањето на седницата односно расправата по дневниот ред и на пиратски начин, спротивно на одредбите на деловникот, без присуство на предлагачот, претседателот на Собранието го стави на изјаснување предлогот да се симне точката од дневен ред, предложена од пратеничката група.

Дозволете ми ова да го повторам. Ќе ве молам да создадете услови за да можам да се произнесам.

Почитувани дами и господа, бидејќи додека траеја консултациите на Пратеничката група во врска со прекинот на расправата по однос на утврдувањето на дневниот ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија и на пиратски начин, спротивно на одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, без присуство на предлагачот, претседателот на Собранието го ставил на изјаснување предлогот за симнување од дневниот ред на точката Информација за текот и настаните на локалните избори 2000 година во западниот дел на Република

Македонија. Тој предлог е изгласан. Молам, за половина час пауза, за да можеме да се консултираме како понатаму.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Насер Зибери. Процедурално за збор се јави госпоѓата пратеник Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници Ми се чини дека е јасна тенденцијата и денешнава расправа на Собранието да се прогласи за јалова расправа, во која што нема да успееме да усогласиме и еден дневен ред. Согласно Деловникот, како што исто така се повикуваше и претходниот пратеник, претседателот на Собранието пред да ја прекине расправата даде пауза, за која што точно определи дека трае 15 минути. Паузата траеше повеќе од 15 минути, односно некаде околу 24 или 25 минути.

Право е на оној кој што предлага точка на дневен ред, дали ќе биде во салата или не е негово лично право. Меѓутоа, бидејќи расправата продолжи точно таму каде што застана, претседателот на Собранието воопшто не го прекрши деловникот туку сосема деловничко и исправно ја стави точката на дневен ред.

Сметам дека барањето за повикување на пауза за точка која што веќе е разрешена е без предметно. Пратеничката група има право на барање на пауза, која што исто така не е деловничка, туку е вообичаено востановена, не е зацртана никаде во Деловникот, меѓутоа не за точка која што веќе Собранието е усогласено. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на госпоѓа пратеник Марковска Ѓулистана. Јас мислам дека е така. Претседателот даде 15 минути пауза. Паузата траеш од прилика 30 минути. Јас можам да ги разберам пратениците од Партијата за демократски просперитет, кои можеби до тоа време уште расправале, но можеше еден од нив да дојде и да бара да ја продолжиме паузата уште за половина час и тоа ќе беше навистина вред. Сега, кога тоа веќе помина мислам дека е непредметно и ќе ве замолам да дозволите да можеме да продолжиме со другите пријавени пратеници кои се тука

Повторно за збор се јави Насер Зибери.

Повелете господине Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најпрвин една мала корекција. Претседателот на Собранието не даде пауза. Претседателот на Собранието не кажа дека 15 минути ќе трае паузата. Претседателот на Собранието едноставно ја прекина расправата. За тоа постојат и стенограми. Но, без оглед на тоа сега кога веќе ни се симнува точката од дневен ред, не ни се дозволува и пауза да побараме. Пракса која функционира перманентно во ова Собрание. Дали сега тоа значи дека и вода кога ќе треба да пиеме, треба да ја прашаме Гулистана Марковска.

Господине потпретседателе, ве молам испочитувајте го овој ред и давајте пауза, која ја барам во името на Пратеничката група на ПДП.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие сте потполно во право во тоа кога барате пауза, тоа ви следува, досега била таква практика, меѓутоа, јас не знам зошто сега барате пауза кога веќе ја изгласавме таа точка, да знаеме за што.

Има збор госпоѓа Гулистана Марковска процедурално.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не е процедурална забелешка бидејќи немам намера да се повикувам на Деловникот во кој никаде не стои дека Пратеничката група има право на пауза, туку дека е востановена пракса (негодување од страна на пратениците од Пратеничката група на ПДП). Точно. Меѓутоа, сакам да му одговорам едно на господинот Зибери следното. Очигледна е тенденцијата на Пратеничката група на ПДП на оваа седница себеси да се прогласи како жртва, не знам дали пред сопствените бирачи или можеби пред пошироката јавност дека на нивните пратеници не им е дозволено да зборуваат. Очигледна беше и провокацијата на последниот пратеник во која реагираше еден, исто така, од пратениците барајќи обезбедувањето да настапи со цел да се отстрани пратеникот од говорницата на Собранието.

Меѓутоа, јас му благодарам на господинот Саво Климовски што и покрај деловничките можности што ги има покрај две опомени да изрече можност -

отстранување од говорницата, не го употреби своето право, бидејќи до крај ќе беше исполнето подготвеното сценарио на Пратеничката група на ПДП на оваа расправа да се прикаже како жртва и како партија на која дури и не и е дозволено да зборува за предизборните активности.

Бидејќи тоа не е испочитувано, сметам и овој пат нема да им се удоволи тоа барање, ако бараат пауза, јас ве молам потпретседа-теле согласно востановеното право да им го дозволите, меѓутоа, ова Собрание и со нив и без нив ќе работи согласно Деловникот. Благодарам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**:(Од место)

Што претставуваш ти женско таму.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам. Дава 30 минути пауза.

(Седницата имаше прекин од 16,55 до 17,35 часот)

Има пријавени уште шест пратеници, веројатно претставникот на Партијата за демократски просперитет по паузата ќе има нешто да каже.

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, денеска пратениците и јавноста во Република Македонија се очевидци на еклатантно кршење на одредбите од Уставот во однос на слободното изразување на пратениците како претставници на граѓаните на Република Македонија.

Денеска, спротивно на одредбите на Деловникот не им беше овозможено на пратениците од Пратеничката група на ПДП да го изнесат своето видување за текот на настаните околу локалните избори 2000 година.

Цениме дека претседателот на Собранието сноси лична одговор носат за несоздавање потребни услови за уврстуваше на точката на дневен ред во Собранието на Република Македонија.

Од тие причини, Пратеничката група на ПДП овој чин го карактеризира како замолчување на опозицијата.

Оттука, денеска нашето присуство е излишно и Пратеничката група на ПДП ќе ја напушти седницата, а јавноста ќе биде дополнително известена за натамошните наши постапки.

(Пратеничката група на ПДП ја напушта седницата)

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа. Веќе сме се навикнале на вакви сценарија, било и порано, а верувам дека и понатаму ќе имаме вакви случаеви. Тоа е нивно право да одлучат како мислат дека е најдобро.

За збор се јави господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ**: (Од место)

Нема кворум. Да се пребориме дали има кворум.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ја молам службата да ги преброи пратениците дали имаме кворум или не.

(Во салата се наоѓаат 62 пратеници)

Имаме кворум, продолжуваме со работа.

Има збор господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Барам за денешната седница да се изработи и да се вгради во дневниот ред Информација за трговската размена на Република Македонија со Европската унија. Информацијата ја барам заради следното:

Република Македонија во 1997 година потпиша повеќе спогодби со Европската унија меѓу кои и Спогодбата за економска и трговска соработка. Со таа Спогодба на Република Македонија и беше овозможено дополнително да го либерализира својот извоз кон земјите членки на Европската унија по системот на квоти и плафони. Тоа значи дека повеќе производи или над 80% од производите во Република Македонија имаа можност да се пласираат на пазарите на Европската унија до исполнување на квотите и плафоните без царински бариери т.е. ослободени од царинските давачки од тие земји. Тоа беше една добра мерка која се осети позитивно во однос на трговската размена со земјите членки на Европската унија.

Во исто време беше добра основа за натамошно подобрување на законските регулативи во однос на ублажување на режимот на пласман на производи на македонското стопанство во земјите членки на Европската унија.

Заради тоа сите бевме пријатно изненадени кога пред првиот круг на локалните избори македонската јавност беше, лично од премиерот Љубчо Георгиевски, информирана дека Европската унија преку Одлуката на Советот на министри донесена пред месец дена изврши потполна либерализација на трговската соработка на Република Македонија со Европската унија и дека на тој начин е дигната "железната завеса" во однос на стопанската соработка на Република Македонија со Европската унија. Или, како што повеќето медиуми објавија, а и во својата изјава лично го кажа премиерот дека тоа е Бинго за Македонија бидејќи со тоа Бинго се овозможува пласман на македонските производи и тоа Бинго е награда на Република Македонија за се она што го направила во изминатиот период во однос на кооперативноста на Република Македонија спрема Европската унија посебно Бингото се однесуваше на можноста за пласман на земјоделски производи без ограничувања т.е. врз основа на либерален режим на пазарите на земјите членки на Европската унија.

Но,непријатно после тоа бевме изненадени дека тоа што го кажа господинот премиер не е така затоа што вистината била малку поинаква. Вистината е следна:

Европската унија во рамките на реализацијата на Пактот за стабилност изработи документ таканаречен "Смиона иницијатива за зголемување на стабилноста и напредокот на Југоисточна Европа". Значи овој под ваков наслов документ заведен во депото на Европската унија како документ 146 беше нарачан од Европската унија, а го изработија Центарот за европски студии и Европскиот Институт во Софија. Како изработувачи тие во документот предложиле, а Советот на министри на Европската унија го усвоил тој предлог навистина да се либерализира увозот на одделни членки таканаречениот Западен Балкан, но не и за Македонија. Значи, Македонија е исклучена во овој период од таквата погодност и заради тоа во интерес на анимирање на јавноста и во интерес на позитивно прифаќање на таквата анимирана јавност од страна на Европската унија, барам на овој Парламент да се расправа на таа тема за да ние како Парламент и олесниме на Владата или ги симнеме во однос на Европската унија пречките кои ја натерале Европската унија да ја исклучи Македонија од таквата погодност, т.е. навистина во Македонија се случи Бинго, но овој пат вистинито Бинго. Заради тоа, а во интерес на македонското стопанство барам Владата да изработи таква информација и со оглед на тоа што оваа седница најверојатно ќе продолжи во наредната недела ќе има време и таа да се расправа на седница на Влада, а во исто време таквата информација по таа процедура да се достави до Парламентот за расправа по неа.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Бузлевски.

Има збор потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Прво се оградувам од квалификациите кои ги дава господинот пратеник во однос на исклученоста на Република Македонија.

Прифаќаме да изготвиме таква информација за трговската размена на Република Македонија *со* земјите на Европската унија, но за наредна седница, со оглед што не ни се тука ресорните министри кои би можеле да се искажат дали можат да подготват таква информација за оваа седница. Прифаќаме да направиме таква информација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

Дали сте задоволен г.пратеник?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не знам какви квалификации дадов од кои треба потпретседателот да се огради. Јас ја кажав вистината. Ако е тоа квалификација, тогаш е во ред, затоа што навистина постои документ "Смиона иницијатива за зголемување на стабилноста и напредокот на Југоисточна Европа" кој е изработен, како што спомнав, од двете институции во која учествуваа експерти економисти. Ова не е само политичка одлука, ова е повеќе од политичка одлука на Советот на министри на Европската унија, само во оваа прилика ќе спомнам кои се авторите. Тоа се Даниел Грос, Мишел Емерсон,Никола Вајд и од Бугарија тоа е Станислав Димитров и Николај Младенов. Таков

документ постои,мене ме чуди овој документ како немал прилика да го погледне потпретседателот и навистина да види дека по тој документ како предлог Советот одлучил и Македонија е исклучена до наредниот период од можноста своите производи без царински бариери да ги пласира на пазарите на Европската унија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам. Мислам дека потпретседателот на Владата беше јасен, тие на Владата ќе подготват информација за трговската размена на Македонија со Европската унија.

Имаме уште четири пратеници кои се јавија за збор. Јас ќе ве замолам овие што ќе земат збор да бидат поконкретни ако имаат некое барање или нивен предлог да се стави на денешниот дневен ред да се утврди како точка на дневен ред за да можеме да одлучиме дали се согласуваме со тие предлози или не, а ако имате некое барање за вакви и слични информации за наредните седници да расправаме, мислам дека постои друга можност како да бараме од Владата и на тој начин мислам дека ќе бидеме порационални.

Сега за збор се јави господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Благодарам господин потпретседателе, јас ќе се потрудам во рамките на вашите инструкции да бидам, што е можно, пократок на темите кои сакам да ги поставам на дневен ред за оваа седница и затоа ќе ги изложам сега пред вас, односно пред Парламентот на Република Македонија.

Првиот момент е навистина актуелен за мојата изборна единица итен, важен и можеби најжежок проблем за градот Штип, а тоа е состојбата со Памучниот комбинат или каков статус сега има тоа претпријатие "Македонка" како еден од најголемите комбинати во Република Македонија Памучниот комбинат кој е еден од големите загубари и голем проблем на Република Македонија.

Процесот на трансформацијата, најверојатно Владата е запознаена, до каде е, ситуацијата е лоша, овие денови има протести, штрајкови,проблеми односно проблематични ситуации од страна на вработените кои бараа свои права, меѓутоа, во тие свои барања Синдикатот или водачите на тие работници искажуваат една загрижувачка состојба во која тврдат дека наскоро, ако не им се излезе во пресрет и ако не се разговара за нивните проблеми, илјада нивни деца ќе престанат да одат на училиште, тука е таа итност и актуелност зошто го поставувам ова пред Парламентот за оваа седница.

Јас би ја замолил Владата да даде информација (галама во салата, па пратеникот бара да се воспостави ред). Јас би ја замолил Владата за оваа седница до крајот да подготви информација за состојбата во Памучниот комбинат "Македонка" каде би се виделе состојбите со процесот на трансформацијата на претпријатието, бидејќи имаше навестување за присуство на странски фирми како што се "ЕКО-ТЕКС", до каде се тие аранжмани и евентуалните размислувања околу излезот од оваа состојба, бидејќи состојбата е навистина актуелна на теренот пред "Македонка" каде што се штрајкувачите, јас не би сакал во мојата изборна единица, во мојот град илјада деца да не посетуваат настава, а штрајкувачите се одлучни во таквата намера. Затоа сметам дека оваа информација треба да биде изготвена за оваа седница и истата да биде поставена на дневен ред.

Втората информација која би сакал да ја добијам од Владата е следната:

Имено, во средствата за јавно информирање се појавија, еве да ги наречам шпекулации, натписи и лично околу набавка на акцелераторот во Институтот за радиологија стратешки значаен апарат за здравството во Република Македонија.

Имено, бидејќи сите не се стручњаци во областа на медицината, јас ќе кажам неколку збора како појаснување, тоа е апаратот за зрачење кој можеби е одлучувачки и краен лек за најтешката болест и навистина е хумано и важно за Република Македонија како ќе се однесува кон овој проблем.

Се појавија некои размислувања дека новиот акцелератор кој е набавен е набавен во четири очи, дека е несоодветен, несовремен и веќе не се употребува во земјата од каде е набавен. Јас би сакал Владата да изготви информација за набавка на овој акцелератор бидејќи е единствен во Република Македонија, а во исто време, бидејќи на оваа седница има предлог за

управен одбор на Фондот за здравство со што фактички се менува статусната состојба на Фондот за здравство, а во изминатиот период овој Фонд според Законот за здравствено осигурување кој го донесе овој Парламент немаше управен одбор,а заради можноста еве со доверба да влеземе не од она што беше кажано низ дискусиите дека тој управен одбор ќе ја зголеми транспарентноста во јавните набавки и во се она што се случува во финансиското работење на Фондот за да периодот од 1998 година кој е непокриен до денес, до оваа седница до формираше на Управниот одбор на Фондот го разгледаме, формираме анкетна комисија, тоа го давам како предлог до Собранието, на оваа седница да се формира анкетна комисија која ќе го испита работењето на Фондот во изминатиот период и јавните набавки кои се извршени во Фондот бидејќи се зборува дека во тој Фонд има многу сомнителни јавни набавки. Јавните набавки до сега не беа транспарентни, има многу сомнителни јавни набавки, имаме сознанија и вести за некои јавни набавки во Фондот кои навистина се од сомнителен карактер и мислам бегањето од ваква тема чија контрола е задача на овој Парламент, не треба да биде предмет од кој ќе се избега. Затоа ги поставувам овие две теми и барам да бидат поставени на седницата.

Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Стојменов Златко.

Имавте две барања, информации од Владата.

Збор има потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата на Република Македонија преку ресорните министерства е во постојан контакт со претставниците од Македонка"- Штип. Денеска веќе добив едно нивно барање за да с оствари средба помеѓу претставниците од 'Македонка"- Штип и премиерот, министерот за економија и министерот за труд и социјална политика. Ветено е дека таа средба ќе се оствари до 10 октомври и та ќе се оствари. Мислам дека нема никаква потреба да се изготвува информација и по таа информација за тековни проблеми, што постојат во 'Македонка"- Штип, а на некој начин би требало со помош на Владата да бидат разрешени, да се стави на дневен ред и да се расправа во Парламентот.

Го сметаме како пратеничко прашање и би одговориле во писмена форма на господинот пратеник за тоа какви се состојбите во 'Македонка" - Штип, до каде се преговорите со нив и кои решенија се предвидуваат.

Исто и за второто прашање, мислиме дека е пратеничко прашање и ќе одговориме за состојбите во Институтот за радиологија на Клиниката во Македонија.

Значи, не се прашања што треба да се поставаат на дневен ред и да се расправа на Парламентот.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавте објаснувањето на потпретседателот на Владата.

Дали сте задоволни господине Стоименов?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас сум задоволен и ако ги добијам информациите и ако имам размислувања и согледувања од наодот што ќе го видам од Владата, околу состојбите што ќе бидат прикажани во информацијата, тогаш ќе инсистирам да дојдат на дневен ред во Републичкото Собрание.

Сепак, сега би барал изјаснување на парламентот по мојот предлог за формирање анкетна комисија за Фондот за здравство за испитување на јавните набавки во Фондот за здравство.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Би благодарам.

Збор има господинот Вангел Симов.

Процедурално збор бара господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине потпретседателе, мојот предлог беше покрај изготвување информација за акцелераторот, да се формира и анкетна комисија на оваа седница за јавните набавки во Фондот за здравство. Заради тоа сметам дека затоа треба да се изјасни Парламентот со гласање.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме предлогот на господинот пратеник Стојменов Златко за формирање анкетна комисија.

Процедурално збор бара пратеникот Лазаров Илија.

**ЛАЗАРОВ ИЛИЈА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Ние веќе, ако се сеќавате, формиравме анкетна комисија што треба да ги испита јавните набавки во минисерствата и во фондовите. Дали сега ќе формираме уште една? Ако се сеќавате, имаме донесено веќе таква одлука.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор има господинот Прангоски Илија.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, многу внимателно го слушав колегата Стојменов, и по неговата дискусија во врска со акцелераторот, мислам дека колегата Илија не го разбра предлогот. Предлогот на колегата Стојменов беше на оваа седница на Собранието, покрај информацијата од Владата да се формира и техничка комисија што ќе испита дали акцелераторот ги задоволува тие стандарди или не. До колку грешам ќе ме поправи.

Меѓутоа, респектирајќи ја дискусијата, предлагам да не ги прејудицираме работите, бидејќи формирање сега, веднаш, таква комисија, техничка комисија значи прејудицирање на работите, дека таа треба да оцени дали акцелераторот е во ред или не е во ред.

Предлагам прво да ја добиеме информацијата од Владата, од надлежното министерство, да ја разгледаме на седницата, па после тоа да оцениме дали да формирање или не треба да формираме техничка комисија.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за збор се јави господинот пратеник Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сосема е во право господинот Лазаров дека дадовме предлог за формирање анкетна комисија, меѓутоа, анкетната комисија не е формирана. Тоа е факт. Не работи и не функционира. Тоа е факт што не ни служи на чест за тоа како работи Парламентот на Република Македонија.

Затоа барав да се формира нова анкетна комисија што оперативно и брзо ќе си ја заврши својата работа и ќе ја направи оваа работа што господинот Пранговски ја кажа околу техничкиот момент и ќе ги направи разгледувањата околу другите јавни набавки во Фондот, со што ќе се затвори еден период на работење на Фондот, бидејќи со формирањето на Управниот одбор, се надевам дека новиот управен одбор ќе јаземе таа функција на контрола.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлогот на господинот пратеник Стојменов го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам притиснете на системот за гласање.

Констатирам дека вкупно гласале 64 пратеници од кои 18 'за" 5 "воздржани" и 41 "против".

Значи, констатирам дека предлогот не помина.

Последниот кој се јави за збор е господинот пратеник Симев Вангел.

Повелете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Го користам ова мое јавување најпрво да му се заблагодарам на потпретседателот кој ми даде збор, бидејќи на вчерашната седница од претседателот не успеав да добијам збор.

Моето барање е следно, барам Владата да изготви информација за објективноста за приватизацијата на Стопанска банка што е извршена во "четири очи".

Зошто го барам ова? Ова го барам од причина што се шпекулира дека нашиот претседател Борис Стојменов, наводно, бил инволвиран во нечесната приватизација.

Ако е така, барам деталнa информација да добиеме. Ова го барам од причина затоа што нашата партија Вистинската македонска реформска опција се декларира дека ќе работи чесно и во интересите на македонската нација. Не сакаме да бидеме инволвирани во ниту една

нечесна зделка.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Вангел Симев.

Дали некој друг бара збор?

Има збор потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

И покрај тоа што сакам да се воздржам од квалификации, меѓутоа, Вистинска реформска опција се залага само за македонската нација, колку што јас го разбрав.

Не држат квалификациите дека приватизацијата на Стопанска банка е направена во 'четири очи" За тоа многу се зборуваше. Но, како и да е, го сметаме за пратеничко прашање и ќе го информираме господинот пратеник како е направена приватизацијата, односно продажбата на Стопанска банка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата, господинот Бедредин Ибраими.

Дали сте задоволен господине пратеник?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Благодарам, задоволен сум.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека нема други кои се јавија за збор?

Тогаш, дневниот ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 56 се 'за" 2 'воздржани"и 15 "против".

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Ја прекинувам оваа седница.

Продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,10 часот).